АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-1195
30.03. 2020 год.
СКОПЈЕ

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2019 ГОДИНА



**МАРТ, 2020 ГОДИНА**

*Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година е изготвен согласно членот 12 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и 275/2019), со кој е утврдена обврската на Агенцијата за пошти, најдоцна до 31 март од наредната година, до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишен извештај за работата за претходната година, на усвојување.*

СОДРЖИНА:

ВОВЕД ... 3
1. ПОЗИЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ... 4
1.1. Надлежности ... 4
1.2. Органи на Агенцијата за пошти ... 5
1.3. НПАА (Национална Програма за усвојување на правото на Европската Унија) ... 6
2. ПРАВНА РАМКА ... 7
2.1. Закон за поштенските услуги ... 7
2.2. Општи акти на Агенцијата ... 7
2.3. Транспарентност и отчетност за работата ... 8
3. РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР ... 9
3.1. Лиценцирање ... 9
3.1.1. Активни даватели на поштенски услуги во 2019 година ... 9
3.2. Управни постапки пред Агенцијата ... 12
3.3. Годишен надоместок за 2019 година ... 15
3.4. Судски постапки ... 15
3.5. Соработка со други институции ... 15
3.6. Надзор и контрола над давателите на поштенски услуги ... 16
3.7. Сузбивање на сивата економија во поштенскиот сектор ... 16
3.8. Јавни набавки ... 18
3.9. Имплементација на систем за посебно сметководство ... 18
4. СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ АКТИВНОСТИ ... 20
5. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИ ... 28
6. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 30
6.1. Јавно и транспарентно работење ... 30
6.2. Меѓународна соработка на Агенцијата за пошти ... 31
6.2.1. Европски комитет на поштенска регулација (CERP) ... 31
6.2.2. Европската група на поштенски регулатори (ERGP) и Европска Комисија ... 32
6.2.3. Светски поштенски сојуз (UPU) ... 33
6.3. Други меѓународни активности ... 34
6.4. Твининг проект „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти“ ... 35
7. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА ... 38
8. ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА КОМПЕНЗАЦИСКИОТ ФОНД ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА ... 40
9. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ... 41

# ВОВЕД

Агенцијата за пошти ***како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги***, во согласност со надлежностите предвидени во Законот за поштенски услуги, во текот на досегашното постоење, создаде регулаторен систем кој што освен Законот за поштенските услуги, го сочинуваат подзаконските акти кои ги подготви и имплементираше Агенцијата.

**Годишниот извештај** за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година **ги сумира активностите** кои се превземени во насока на регулирање на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, заштита на правата на корисниците, како и статистички податоци кои ја покажуваат состојбата на поштенскиот пазар. Воедно, прикажани се активностите кои се однесуваат на регулација на пазарот, на лиценцирање на даватели на поштенски услуги, потоа водење на управни постапки, следење на универзалната услуга, како и надзор над спроведувањето на Законот за поштенските услуги и сузбивање на сивата економија. Презентирани се и иницијативи и соработка, како со домашни, така и меѓународни институции и тела.

Годишниот извештај на Агенцијата за пошти е поделен во **9 (девет) поглавја**, во зависност од активностите кои ги спроведувала Агенцијата за пошти во текот на 2019 година.

**Првото** поглавје дава преглед на позицијата на Агенцијата, нејзините надлежности, органите на управување и раководење, како и активностите кои ги презема во насока на усогласување со европското законодавство.

**Второто** поглавје ја опфаќа правната рамка.

**Третото** поглавје ја опфаќа регулацијата на пазарот, односно нормативното уредување, издавање и ревидирање на дозволи за вршење на поштенски услуги, управни постапки, судски постапки, јавни постапки, посебно сметководство, регулација на цени за обезбедување на поштенски услуги, како и надзорот над давателите на поштенските услуги и сузбивање на сивата економија.

**Четвртото** поглавје дава приказ на активностите на давателите на поштенски услуги, обемот на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија, квалитетот на обезбедувањето на универзалната услуга и податоци за капацитетот на поштенската мрежа.

**Петтото** поглавје се однесува на активностите насочени кон заштита на правата на корисниците.

**Шестото** поглавје се однесува на активностите насочени кон јавното и транспарентно работење на Агенцијата, како и на соработката на Агенцијата со сродни меѓународни регулаторни тела во регионот и во Европа, со цел размена и стекнување на искуства и знаења од полето на регулација на пазарот на поштенски услуги.

**Седмото** поглавје се однесува на јакнење на институционалните капацитети, човечките ресурси, реализација на Годишниот План за обуки, Годишниот план за вработување како и оценувањето на административните службеници.

**Осмото** подглавје го презентира Извештајот за состојбата на компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга.

**Деветото** поглавје ги опфаќа финансиските извештаи за 2019 година, завршната сметка и Ревизорскиот извештај на независен, надворешен ревизор кои се составен дел од овој Извештај.

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2019 година беше усвоен од страна на Комисијата на Агенцијата во следниот состав:

- Борче Груевски, Претседател
- Суад Бајрами, Заменик претседател
- Владимир Кироски - Член
- Кристина Јанкулоска Гацоска - Член
- Биљана Шехтанска – Член

# 1. ПОЗИЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ

## 1.1. Надлежности

Надлежни за вршење на работите од областа на поштенските услуги се:

- Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија, и
- Агенцијата за пошти.

Согласно со одредбите од Законот за поштенските услуги (Службен Весник на Република Македонија бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.275/2019), Агенцијата за пошти е надлежна да:

- донесува и спроведува подзаконски акти врз основа на овој закон;
- го осигури обезбедувањето на универзална услуга;
- обезбедува услови за пристап на корисниците до универзалната услуга;
- спроведува постапка за определување на давател на универзална услуга;
- донесува одлука за определување на давател на универзална услуга;
- издава општо овластување за обезбедување на поштенски услуги по поднесена нотификација;
- овозможи и обезбеди услови за подеднаков пристап до поштенската мрежа,
- го следи обезбедувањето на универзалната услуга;
- формира компензациски фонд и да управува со средствата од компензацискиот фонд;
- ги одобрува и врши контрола на трошоците за обезбедување на универзална услуга;
- го следи работењето на давателите на поштенските услуги во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него;

- го следи развојот на пазарот на поштенските услуги и ја промовира конкуренцијата на пазарот на поштенски услуги;
- врши надзор и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги и презема мерки согласно со закон против давателите на поштенските услуги кои не ги спроведуваат одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;
- води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите од овој закон и Законот за општата управна постапка;
- води постапки за решавање на спор меѓу давателите на поштенски услуги и нивните корисници, меѓу давател на универзална услуга и другите даватели на поштенски услуги;
- бара податоци и информации од давателите на поштенски услуги;
- воспоставува, одржува и ажурира електронска база на податоци;
- дава мислење и учествува при подготвувањето на закони, прописи и други акти што се однесуваат на поштенските услуги, како и при склучувањето, односно пристапувањето на Република Македонија кон меѓународни договори од областа на поштенските услуги и да го обезбедува нивното спроведување;
- соработува со други државни органи и институции;
- ја врши својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин, овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата;
- обезбеди информации за корисниците и давателите на поштенски услуги и меѓународните организации и тела;
- спроведува примена на националните и меѓународните стандарди и технички прописи во областа на поштенските услуги, учествува во работата на меѓународни организации и здруженија на национални регулаторни тела во областа на поштенските услуги, и
- врши и други работи во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

## 1.2. Органи на Агенцијата за пошти

Агенцијата ги извршува своите законските надлежности преку органите - **Комисија** и **Директор**.

Според Законот за поштенски услуги, Комисијата на Агенцијата за пошти се состои од 5 (пет) члена кои ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија. Во февруари 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија со Одлука за разрешување и именување член на Комисијата на Агенцијата за пошти од 08.02.2019 година, го разреши членот на Комисијата, воедно и претседател на Комисијата, Благој Индов. Со

истата Одлука беше именуван нов член на Комисијата, Борче Груевски, дипломиран економист од Битола. На состанокот на Комисијата на Агенцијата за пошти, одржан на 14.02.2019 година, Борче Груевски беше едногласно избран за претседател.

**Комисијата на Агенцијата за пошти** во 2019 година, ***одржа 18 состаноци***, од кои 1 (еден) јавен состанок. Комисијата како дел од своите надлежности, го одобри Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2018 година, ја усвои Годишната сметка за 2018 година, работеше на донесување на подзаконски акти, ја донесе одлуката за вредноста на поенот за 2020 година, ја усвои Годишната програма за работа на Агенцијата за 2020 година. Во текот на целата година, Комисијата го следеше спроведувањето и реализирањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2019 година.

Орган на раководење на Агенцијата за пошти е директорот кој ја застапува и претставува Агенцијата и е одговорен за законитото работење на истата. Директорот ги носи сите решенија по прашање од надлежност на Агенцијата и други одлуки со кои поединечно се уредуваат одредени односи за прашања за кои не одлучува Комисијата. Директорот е одговорен за спроведување на одлуките и актите донесени од Комисијата.

За спроведувањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2019 година, Директорот квартално ја известуваше Комисијата преку своите извештаи, како и за сите активности и превземени мерки во корелација со работењето на Агенцијата.

***Избор на нов директор на Агенцијата за пошти***

На 15 јануари 2019 година му истече мандатот на директорот на Агенцијата за пошти Влатко Атанасоски. По претходно објавен јавен оглас за избор на директор и спроведена постапка на евалуација на пристигнати пријави, Комисијата на Агенцијата за пошти, избра нов директор на Агенцијата за пошти.

**Од 16 јануари 2019 година**, **Директор на Агенцијата за пошти** е м-р.**Билјана Аврамоска-Ѓореска**, дипломиран правник од Скопје.

### 1.3. НПАА (Национална Програма за усвојување на правото на Европската Унија)

Тргнувајќи од активностите кои следат во поглед на започнување на скрининг процесите за усогласеност на домашното законодавство со европското законодавство во функција на отпочнување на преговорите за влез во Европската Унија, главен приоритет на Агенцијата за пошти беше токму континуирано усогласување на домашното законодавство во областа на поштенските услуги со европското законодавство.

Ценејќи ги активностите кои се спроведуваат преку Твининг проектот за зајакнување на административните капацитети на Агенцијата за пошти, во текот, но и по завршување на овој проект (ќе) се преземаат на активности во заедничка соработка со давателот на универзалната услуга за воведување на посебно сметководство кај давателот на универзалната услуга, како и воведување на целосна либерализација на пазарот.

Воведување на целосна либерализација на пазарот на поштенските услуги како приоритет во усогласувањето со правото на Европската Унија е процес кој е продолжен до крајот на 2020 година и покрај укажувањата дека овој процес треба да се заокружи односно да се укине резервираната услуга.

Со цел, согледување на процесот на усогласеноста на домашното законодавство со европското во областа на поштенските услуги редовно се доставуваа месечни, квартални и полугодишни извештаи за активностите кои ги преземаше Агенцијата за пошти во 2019 година до Секретаријатот за Европски прашања кои го следат напредокот и ги проследуваат извештаите до Европската Комисија.

# 2. ПРАВНА РАМКА

## 2.1. Закон за поштенските услуги

Законот за поштенските услуги, како основен материјален и процесен закон кој го применува и по кој постапува Агенцијата за пошти, е донесен во 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010) од страна на Собранието на Република Македонија и до крајот на 2019 година има претрпено **10 (десет) новелации**, од кои 2 (две) во текот на 2019 година.

Со првата, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.27/2019, се прецизира дека вршењето на функцијата член на Комисијата е неспојлива со вршење на друга јавна функција согласно член 14 став 8 (во кој се додадени зборовите избрани и именувани лица од страна на Владата на Република Македонија или Собранието на Република Македонија).

Со втората, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019 се одложува датумот на укинување на резервираната услуга, а со тоа и датумот на целосна либерализација на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија. Пролонгирањето на укинување на резервираната услуга за 1 (една) година е петто пролонгирање по ред, по првичниот датум од Законот од 2008 година, па укинувањето на ценовниот монопол за писма до 50 грама сега е пропишан за 31.12.2020 година. Воедно, се изврши усогласување со Законот за прекршоци во делот на прекршочните одредби на Законот за поштенски услуги.

Министерството за транспорт и врски е орган на државната управа надлежен за подготовка на Законот за поштенските услуги со неговите измени.

## 2.2. Општи акти на Агенцијата

1. **Статутот** на Агенцијата за пошти претрпе измена во насока на негово усогласување со новото име на државата, а согласно уставните амандмани на Уставот на Република

Северна Македонија. Согласно Законот за поштенските услуги од 2010 година, основачот – Собранието на Република Македонија ги одобрува Статутот на Агенцијата и сите негови измени.

Статутарната одлука со која се врши предметното усогласување е доставена до Собранието на Република Северна Македонија, на согласност во јули 2019 година.

2.**Правилникот** за систематизација на работните места во стручната служба на Агенцијата за пошти во 2019 година претрпе 3 (три) измени, по претходна согласност од надлежното Министерство за информатичко општество и администрација. Правилникот е усогласен со последните измени на Законот за административни службеници од 2018 година во делот на сертификатите за докажување на познавањето на странски јазици, бројот на слободни систематизирани работни места е намален за едно место, а за три работни места на Б02 и В01 ниво извршени се измени во видот на потребното образование.

## 2.3. Транспарентност и отчетност за работата

Собранието на Република Северна Македонија во јануари 2019 година ја одобри Годишната програма за работа на Агенцијата за 2019 година, со што се создадоа неопходните претпоставки и услови за реализација на планираните активности за таа година.

Собранието на Република Северна Македонија, на пленарна седница во јуни 2019 година го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти во минатата 2018 година, поднесен претходно во март 2019 година од страна на Комисијата на Агенцијата за пошти, надлежна за негово усвојување.

Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2020 година, Комисијата на Агенцијата за пошти ја донесе во месец ноември 2019 година и во законскиот рок до 30-ти ноември, ја поднесе на одобрување до Собранието. Структурата на Годишната програма за работа согласно Законот, содржи план на активности и финансиски план за нивно извршување, како и одлука за вредноста на поенот кој служи за пресметување на годишниот надомест за наредната година.

Агенцијата за пошти не е буџетски корисник, а својата работа ја финансира на начин утврден со закон, поточно со самофинансирање преку сопствен независен буџет во кој приходите се генерираат во главно од годишни надоместоци уплатени од страна на давателите на поштенски услуги.

Износ на надоместокот за 2019 година, за секој од лиценцираните поштенски оператори Агенцијата го утврди со Решение, во висина пресметана како производ на бројот на поени за конкретниот оператор и вредноста на поенот одобрена претходно од Собранието на Република Северна Македонија.

За пресметување на годишниот надоместок за годината која измина, Агенцијата ја применуваше вредноста на поенот утврдена од страна на Комисијата и одобрена од

Собранието на Република Северна Македонија. Имено, согласно Одлуката од 28.01.2019 година на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр.19/2019), вредноста на поенот за 2019 година изнесуваше 437,1173 денари.

Комисијата на Агенцијата за пошти во ноември 2019 година ја определи и вредноста на поенот за 2020 година на висина од 451,8498 денари.

# 3. РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР

## 3.1. Лиценцирање

Во текот на 2019 година, Агенцијата за пошти водеше вкупно 16 (шеснаесет) постапки во делот на надлежностите за издавање и одземање дозвола за работа во поштенскиот сектор. При тоа се постапуваше по 14 (четиринаесет) поднесени нотификации за започнување, промена или престанок со обезбедување поштенски услуги, а 2 (две) постапки за укинување на Општо овластување се поведени по службена должност.

Во тие постапки издадени се 12 (дванаесет) нови Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги, од кои што 10 (десет) се за нови старт-ап компании, а 2 (две) за актуелни поштенски оператори кои го проширија работењето со свои мрежи на цела територија на државата и во меѓународен сообраќај, но и со нови поштенски услуги.

Од службената евиденција, 1 (еден) давател е избришан по поднесена нотификација за престанок со обезбедување поштенски услуги, а други 2 (два) даватели како мерка од Агенцијата, или вкупно 3 (три) оператори го изгубиле статусот.

Работејќи во насока на остварување на целите за промоција на конкуренцијата, а во согласност со принципот на сервисна ориентираност на работата на регулаторот, организационата единица на Агенцијата задолжена за регулатива и лиценцирање, како континуирана активност и оваа година направи значителен број на стручни консултации со правни субјекти заинтересирани за отпочнување со работа. Консултации го опфатија и начинот на работа во поштенскиот сектор и неопходните претпоставки за обезбедување поштенски услуги, регулаторните барања, карактеристиките на одредени видови поштенски услуги и други прашања од интерес за работата во поштенската економска област.

### 3.1.1. Активни даватели на поштенски услуги во 2019 година

Во текот на 2019 година, на домашниот поштенски пазар работеле вкупно 44 (четириесет и четири) лиценцирани даватели на поштенски услуги. На крајот на 2019 година останаа да работат 41 (четириесет и еден) даватели.

Растот на бројката на активни даватели е постојан и се одржува стабилно низ годините. Од пазарната трка се откажуваат помалите оператори кои работат локално и екстензивно на пазарот на писма, по економски неоправдано ниски цени. Исклучок од ова

правило, во 2019 година е престанокот со работа на ВАШ КУРИР Плус од Прилеп поради отворена стечајна постапка.

| Цела територија на Република Северна Македонија | |
|---|---|
| АД "Пошта на Северна Македонија" Скопје | Универзална услуга во внатрешен и меѓународен сообраќај |
| ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| ПНЛ Транслог ДООЕЛ Скопје | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| РСЕ ОПТИМА Вите ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| Брза пратка ДООЕЛ Скопје | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ Скопје | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| ЕКО Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје | На територија на РСМ и меѓународен сообраќај |
| НОВА ПОШТА ДОО Скопје | Цела територија на РМ |
| ДелЦо ДООЕЛ Скопје | Цела територија на РМ |
| Карго Експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола | Цела територија на РМ |
| ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје | Цела територија на РМ |
| ПОСТ ЕСКПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | Цела територија на РМ |
| ТПЛ ТОТАЛ ПОСТ ЛОГИСТИК Скопје | Цела територија на РМ |
| ЕКСПРЕС ПОШТА ДОО Струмица | Цела територија на РМ |
| ВАШ КУРИР Плус ДООЕЛ Прилеп | Цела територија на РМ |
| Фалкон Логистик ДОО-Подружница Фалкон Логистик Курир (ФЛЦ) Скопје | Цела територија на РСМ |
| БАЛКАН-ПОСТ ДОО Скопје | Цела територија на РСМ |
| ГПС-Глобал Постал Сервис ДООЕЛ с.Арнакија, Сарај, Скопје | Цела територија на РСМ |

| Ограничено географско подрачје | |
|---|---|
| ДРД КУРИР ДООЕЛ СКОПЈЕ | На подрачјето на град Скопје |
| ДЕЛИВЕРИМЕН ДОО увоз-извоз Скопје | На подрачјето на град Скопје |
| ГЛОБАЛ МЕССАГЕ СКОПЈЕ | На подрачјето на град Скопје |
| ПРОЛОГИС сервис ДООЕЛ Скопје подружница ПРОЛОГИС СЕРВИС сервис | На подрачјето на град Скопје |
| БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје | На подрачјето на град Скопје |
| Бате Пере ЕКСПРЕС Скопје | На подрачјето на град Скопје |
| Интернешенел меил деливери-ИМД ДООЕЛ Скопје | На подрачјето на град Скопје |

| | |
|---|---|
| **Блек Партнер Деливери ДОО увоз-извоз Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **М-Достава ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **Цикло Пошта ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **Еко Пошта ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **Премиум Деливери ДОО Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **Анфиленд ДООЕЛ увоз-извоз-за подружница Брза пошта број еден Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **Сити Пошта ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **ВИП Пошта ДООЕЛ Скопе** | На подрачјето на град Скопје |
| **ИН ТАЈМ ПОСТ ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **ПЛАН Експрес ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **ЈОКАМ пошта 2011 ДООЕЛ с.Оровник Дебарца** | Подрачје на општините Охрид и Струга |
| **МЕРЏАНОСКИ ТП - Тетово** | Подрачје на општините Тетово и Гостивар |
| **ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци** | На релација Кавадарци-Скопје-Кавадарци |
| **ЈДМ ПОСТ ЛОГИСТИКС Тетово** | На подрачјето на градовите Тетово и Гостивар |
| **БРЗА ПРАТКА ПОСТ-М ЛОГИСТИК Тетово** | На подрачјето на општините Тетово и Гостивар |
| **ДМ Јосифоски ДООЕЛ Прилеп** | На подрачјето на општините Прилеп и Крушево |
| **АБЦ Пост ТП Гостивар** | На подрачјето на општините Тетово и Гостивар |
| **МЕКС Пошта ДОО Скопје** | На подрачјето на град Скопје, Тетово, Гостивар и Куманово |

- Преглед - активни даватели на поштенски услуги во 2019 година

На 31.12.2019 година состојбата е **41 (четириесет и еден) давател**, од кои **АД.Пошта на Северна Македонија Скопје со Индивидуална дозвола** за обезбедување на универзална услуга и **40 (четириесет) правни лица со Општо овластување** за обезбедување поштенски услуги.Од нив, овластени да работат на целата територија на Република Северна Македонија се 18 (осумнаесет) даватели на поштенски услуги, од нив 8 (осум) и во меѓународниот поштенски сообраќај.

Локално, на територија на една или неколку соседни општини работат 23 (дваесет и три) даватели на поштенски услуги, а најголем дел од нив - 16 (шеснаесет) на територија на град Скопје.

## 3.2. Управни постапки пред Агенцијата

Во текот на 2019 година Агенцијата за пошти постапуваше по 68 (шеесет и осум) управни предмети од нејзина надлежност - нови 64 (шеесет и четири) предмети и 4 (четири) пренесени од минатата 2018 година). **Сите предмети** до крајот на 2019 година **се завршени.**

1. Најголем дел од постапките, 43 (четириесет и три) предмети се поведени по службена должност, од страна на Агенцијата, со предмет утврдување на годишен надоместок за давателите на поштенски услуги. До крајот на 2019 година, повеќе од 80% од тие предмети се завршени со доброволно исполнување на паричните обврски на поштенските оператори.

2. Во делот на лиценцирање, Агенцијата постапуваше по вкупно 16 (шеснаесет) управни предмети.
   - Од нив, 14 (четиринаесет) се поведени по нотификација - 10 (десет) нови а 4 (четири) нотификации пренесени од 2018 година. Во тие постапки, во 2019 година издадени се вкупно 12 (дванаесет) Општи овластувања, 1 (едно) Решение за одбивање и 1 (едно) Решение за престанок и бришење од регистарот на даватели.
   - Во 2 (две) постапки за одземање на Општо овластување поведени по службена должност издадени се Решенија за укинување на Општо овластување, со што 2 (две) компании го изгубија статусот на даватели.

3. Во 2019 година, 7 (седум) постапки се водени по управен приговор од незадоволни корисници на поштенски услуги, од кои 6 (шест) управни приговори се поднесени од страна физички лица, а 1 (еден) е од правно лице. Во **3 (три)** решенија се запира постапката на барање на подносителите заради спогодба помеѓу двете страни, во 1 (**едно** ) решение во целост се уважува барањето од подносителот и тој е обештетен од страна давателот, во **друго** решение барањето делумно се уважува но подносителот се обештетува и со 1 (**едно)** решение барањето на подносителот се одбива како неосновано. Истите се завршени во законски рок. Додека во 1 (еден) предмет е извршен вонреден надзор над пријавениот давател.

4. Од вкупно 13 (тринаесет) поведени постапки за присилно извршување пред извршител, во 2019 година, целосно се извршени 3 (три) предмети, а останатите се за 5 (пет) правни субјекти кои во меѓувреме престанале да постојат или се деловно неактивни. За присилна наплата на годишен надомест за 2019 година поведена е една постапка, останатите се за неплатен надомест за 2017 и 2018 година.

5. Во последниот квартал од годината, по управен приговор извршен е вонреден инспекциски надзор кај лиценциран давател на поштенски услуги при што е констатиран прекршок по чл.80, ст.1, ал.18 а в.в. со чл.54 став 1 од Законот за поштенските услуги. Исто така издадени се два платни налози против правното и одговорното лице во правното лице и одмерени се соодветни глоби. Во определениот рок субјектот не ја платил глобата од платните налози по што следи поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Во продолжение преглед табела за управни предмети кои се водени во Агенцијата за пошти во текот на 2019 година.

**Извештај за управни предмети во 2019 година**

| Ред .бр. | Арх.број на предмет | Содржина | Преземени управни дејствија | Решавање предмети | Број на предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | УП1 бр.02-56/2018<br>УП1 бр.02-52/2018<br>УП1 бр.02-55/2018<br>УП1 бр.02-02/2019<br>УП1 бр.02-46/2019<br>УП1 бр.02-47/2019<br>УП1 бр.02-51/2019<br>УП1 бр.02-57/2019<br>УП1 бр.02-58/2019<br>УП1 бр.02-56/2019 | Барање за добивање Општо овластување за обезбедување поштенски услуги со Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги | Постапување, решавање и преземање други управни дејствија( писмени и усни инструкции и насоки и барања, документирање, задолженија и друга преписка, проверка на документи, увид , изработка на поединечни акти, евидентирање) | **УП I бр.02-56/2018** -издадено Општо овластување -определено географско подрачје -Премиум Деливери ДОО Скопје<br>**УП1 бр.02-52/2018**-издадено Општо овластување-определено географско подрачје -Анфиленд Дооел увоз-извоз Скопје-подружница Брза пошта број еден Скопје<br>**УП1 бр.02-55/2018** - издадено Општо овластување -определено географско подрачје Сити Пошта ДООЕЛ Скопје<br>**УП1 бр. 02-02/2019** издадено Општо овластување - определено географско подрачје Вип Пошта ДООЕЛ Скопје<br>**УП1 бр. 02-46/2019**- издадено Општо овластување -определено географско подрачје Мекс Пошта ДОО Скопје<br>**УП1 бр. 02-47/2019** -издадено Општо овластување - определено географско подрачје ИН ТАЈМ ПОСТ ДООЕЛ Скопје<br>**УП1 бр. 02-51/2019** - издадено Општо овластување - цела територија на Република Северна Македонија Фалкон Логистик ДОО Скопје-Подружница Фалкон Логистик Курир (ФЛЦ) Скопје<br>**УП1 бр.02-57/2019** - издадено Општо овластување - цела територија на Република Северна Македонија БАЛКАН-ПОСТ ДОО Скопје<br>**УП1 бр.02-58/2019**-издадено Општо овластување - цела територија на Република Северна Македонија ГПС-Глобал Постал Сервис ДООЕЛ с.Арнакија, Сарај, Скопје<br>**УП1 бр.02-56/2019**-издадено Општо овластување - определено географско подрачје План Експрес ДООЕЛ Скопје | **10** |
| 2 | УП1 бр.02-53/2018<br>УП1 бр.02-44/2019<br>УП1 бр.02-41/2019 | Барање за добивање Општо овластување со Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги | Постапување, решавање и преземање други управни дејствија( писмени и усни инструкции и насоки и барања, документирање, задолженија и друга преписка, прибавување и проверка на документи, увид, изработка на поединечни акти, евидентирање) | **УП1 бр.02-53/2018**-издадено ново Општо овластување - со проширување на услугите кои има право да ги обезбедува давателот Еко Логистик Сервис Скопје на цела територија на Република Македонија<br>**УП1 бр.02-44/2019** - издадено ново Општо овластување - со проширување на услугите кои има право да ги обезбедува давателот Еко Логистик Сервис Скопје за внатрешен поштенски сообраќај на цела територија на Република Северна Македонија и во меѓународен поштенски сообраќај.<br>**УП1 бр.02-44/2019** - Со Решение бр. УП1 бр.02-41 од 03.06.2019 год., одбиена во целост Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги за ДТУ Цикло Пошта ДООЕЛ Скопје, поради неисполнување на минимум законски услови за добивање општо овластување за побараните поштенски услуги. | **3** |
| 3 | УП1 бр.02-52 /2019 | Нотификација за престанок со обезбедување поштенски услуги | Постапување, решавање и преземање други управни дејствија, прибирање документи (преписки, задолженија), проверка на факти и евидентирање | **УП1 бр.02-52** - констатирано престанување со обезбедување поштенски услуги и бришење на податоците на давателот ЈДМ ПОСТ ЛОГИСТИКС ТП Глигурче Димитрије Апостоловски Тетово од службена евиденција за даватели на Агенцијата за пошти. | **1** |
| 4 | УП1 бр. 02-60/2019<br>УП1 бр.02-61/2019 | Постапки за престанок на важност и за укинување на Општото овластување-поведени по службена должност | Прибирање документација од органот, проверка на факти, изработка на поединечни акти | **УП1 бр.02-60** Со Решение од 12.12.2019, а согласно чл.45 став 4 ал.1 од Законот, престана да важи Општото овластување за обезбедување поштенски услуги за Диливеримен ДООЕЛ увоз-извоз Скопје<br>**УП1 бр.02-61** Со Решение од 12.12.2019, а согласно член 45 став (4)ал.1 и член 26 став 3 од Законот, укинато е Општото овластување за обезбедување поштенски услуги за правното лице ВАШ КУРИР ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп | **2** |
| 5 | УП1 бр: 02-04,02-05,02-06,02-07,02-08,02-09,02-10,02-11,02- 12,02-13,02-14,02-15,02-16,17,18,19,20,21,22,23, 24,25,26,27,28,29,30,31,32,33,34,35,36, 37,38,39,40,02-48,02-53,54,55,02-59,02-62,63 и 02-64 /2019. | Постапки за утврдување на висината на годишниот надомест на давателите | Постапување, решавање и преземање други управни дејствија на факти, пресметки, изработка на поединечни акти и евидентирање )<br>Следење на доброволно извршување и водење постапка за присилно извршување | Водени се постапки за 45 лиценцирани поштенски оператори и издадени се 45 Решенија за годишен надоместок за 2019 година за даватели на поштенски услуги | **45** |
| 6 | УП1бр.02-50/2019 | Инспекциски надзори (вонредни, контролни);<br>Прекршочна постапка | Направен еден вонреден надзор над давател на поштенски услуги, составен записник со наоди, констатиран е прекршок, изготвен и доставен записник и прекршочни платни налози за правното и за одговорното лице во правното лице. Прекршочна постапка ПРК-О-832/18 пред Кривичен суд Скопје 1 завршена на 17.09.2019 | **Уп1 бр.02-50/ ИН-1**- вонреден надзор на 05.11.2019 година против давател на поштенски услуги констатиран е прекршок и издадени прекршочни платни налози за правното и за одговорното лице во правното лице (Вип пошта ДООЕЛ Скопје) .<br>Со **Пресуда од 17.09.2019** година на Основниот кривичен суд Скопје, со која правното лице и управителот се огласени за виновни, и изречена им е прекршочна санкција глоба и забрана за вршење дејност во траење од шест (6) месеци од правосилноста на истата, заврши прекршочната постапка ПРК-О-832/18 во прв степен, поведена од Агенцијата против Скопје Велосипедист ДООЕЛ Скопје, за констатирани прекршоци во контролен надзор извршен во 2018 година. | **2** |
| 7 | УП1 бр.02-01<br>УП1 бр.02-03<br>Уп1 бр.02-42<br>УП1 бр.02-43<br>Уп1 бр.02-45<br>Уп1 бр.02-49<br>УП 1 бр.02-50 | Управни приговори од корисници | Постапување, решавање и преземање други управни дејствија (барање одговор и прибирање документи и проверка, увид, изработка на поединечни акти) | **УП1бр.02-01** По управен приговор од корисник -правно лице од Скопје-изготвено Решение УП1 бр.02-01 од 22.03.2019 година за запирање на постапка поради откажување на подносителот на барањето.<br>**УП1 бр.02-03** По управен приговор од корисник -физичко лице --изготвено Решение од 21.03.2019 година за запирање на постапка поради откажување на подносителот на барањето.<br>**УП1 бр.02-42** По управен приговор од корисник -физичко лице --изготвено Решение од 25.04.2019 година со кое барањето на подносителот е уважено.<br>**УП1 бр.02-43** По управен приговор од корисник -физичко лице --изготвено Решение од 04.04.2019 година за запирање на постапка поради откажување на подносителот на барањето.<br>**УП1 бр.02-45** По управен приговор од корисник -физичко лице --изготвено Решение од 20.05.2019 година со кое се одбива барањето на подносителот<br>**УП1 бр.02-45** По управен приговор од корисник -физичко лице -донесено е Решение од 26.07.2019 со кое се одбива барањето на подносителот<br>**УП1 бр.02-45** По управен приговор од корисник -физичко лице - извршен е вонреден надзор над давателот на 05.11.2019 | **7** |
| 8 | 03-165/2 | Барање за издавање Извод од службена евиденција од подносител АД за поштенски сообраќај "Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје | Проверка на факти, увид, изработка на поединечен акт и евиденција | **03-165/2** - Издаден Извод од службената евиденција на Агенцијата | **1** |
| 9 | Сите предмети | Управна статистика и евиденција | Статистика, изработка на 6 месечни извештаи за првостепена управна постапка, достава до Државен Управен инспекторат | Извештај од управна статистика јануари-јули 2019<br>Извештај од управна статистика јули-декември 2019 | **2** |
| | | **ВКУПНО ПРЕДМЕТИ** | | | **73** |

### 3.3. Годишен надоместок за 2019 година

Во 2019 година, Агенцијата издаде 45 (четириесет и пет) Решенија за годишен надомест за 2019 година, во управна постапка поведена по службена должност.

Давателите на поштенски услуги се должни на Агенцијата за пошти да и плаќаат надоместок на годишна основа, однапред за тековната година за извршување на надлежностите пропишани со Законот за поштенските услуги, во износ утврден како производ на бројот на поени и вредноста на поенот, со Решение донесено од Агенцијата.

Во последниот квартал од 2019 година, Агенцијата го определи бројот на поени за секој поштенски оператор, врз основа на податоците за обемот на пазарот и видот на поштенски услуги за кои се издадени Општи овластувања, како и вкупниот број на поени на пазарот за 2019 година. Така вкупниот број на поени утврдени на овој начин, заедно со фиксните поени за давателот на универзална услуга пропишани со Законот изнесува 53.115,00.

### 3.4. Судски постапки

Со Пресуда од 17.09.2019 година на Основниот кривичен суд Скопје, со која правното лице и управителот се огласени за виновни, и изречена им е прекршочна санкција глоба и забрана за вршење дејност во траење од 6 (шест) месеци од правосилноста на истата, заврши прекршочната постапка ПРК-О-832/18 во прв степен, поведена од Агенцијата против Скопје Велосипедист ДООЕЛ Скопје, за констатирани прекршоци во надзор извршен во 2018 година.

Основниот суд во Прилеп отвори стечајна постапка Ст.бр.65/2019 против Ваш Курир Плус Прилеп, по што Агенцијата во својство на стечаен доверител во текот на 2019 година учествуваше во оваа постапка.

### 3.5. Соработка со други институции

Во текот на целата извештајна година, Агенцијата за пошти, оствари соработка и со други органи и институции.

Агенцијата за пошти постапуваше согласно законските обврски од други закони и во законски рок ги поднесе потребните Извештаи поврзани со нејзиното работење.

До Државниот управен инспекторат поднесени се 2 (два) Извештаи за податоците што се однесуваат на управната статистика за предмети од првостепена управна постапка – Образец Из1.

Воедно, до Државниот управен инспекторат поднесени се и 2(два) шестмесечни Извештаи за податоците што се однесуваат на постапување по претставки и предлози – УПП.

До Управата за финансиско разузнавање поднесена е Евиденција за извршен инспекциски надзор од страна на Агенцијата за пошти за 2018 година, како и Годишен план за вршење надзор за 2019 година од областа на спречување перење пари и финасирање тероризам, согласно Закон за СПП и ФТ.

До Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информацииите од јавен карактер поднесен е Годишен извештај за имплементација на ЗСПИЈК за 2018 година, во законскиот рок.

Агенцијата соработуваше постапувајќи по барањата од надлежност на повеќе државни институции и ги достави бараните информации до Државниот завод за статистика, Државната комисија за спречување на корупцијата, МИОА - податоци за состојбата на ИКТ кадар во администрацијата како и за имплементација на Националниот Оперативен Бродбенд План, месечни извештаи преку Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските.

Согласно Законот за заштита на укажувачи овластено е лице заради заштитено внатрешно пријавување.

### 3.6. Надзор и контрола над давателите на поштенски услуги

Во последниот квартал од 2019 година извршен е вонреден надзор против еден давател на поштенски услуги, при што констатиран е прекршок и издадени се прекршочни платни налози за правното и за одговорното лице во правното лице.

Согласно Годишната програма за работа за 2019 година, кај даватели на поштенски услуги кои имаат добиено општо овластување за обезбедување на поштенски услуги во текот на 2018 година и почеток на 2019 година, извршени се 8 (осум) консултативни состаноци кај даватели на поштенски услуги, како и кај даватели на поштенски услуги кои ја немаат исполнето обврската за доставување на Извештаи за обезбедување на поштенските услуги за тековната година.

Кај сите даватели е укажано за потребата од уредно водење евиденција за обезбедување на поштенски услуги, што покрај исполнување на законските обврски ќе претставува и основа за пополнување на полугодишните Извештаи.

### 3.7.Сузбивање на сивата економија во поштенскиот сектор

Агенцијата континуирано ги прилагодува своите регулаторни инструменти и алатки соодветно на развојот на поштенскиот пазар, на потребите на корисниците и на предизвиците со кои се соочуваат учесниците во оваа област од економскиот сегмент на

државата во услови на раст на Е- трговија, но и на старт-ап компании во делот на услуги за т.н. нотарски пратки.

Со цел создавање услови за фер конкуренција во поштенскиот сектор и намалување на просторот на сивата економија, Агенцијата за пошти во 2019 година превзема регулаторни мерки за воедначување на обврските на поштенските оператори, по однос на прецизно и ажурно евидентирање и документирање на поштенските услуги кои ги обезбедуваат со сите фази од почеток до крај, на дневна основа, на начин со кој ќе се обезбеди интегритет на записите.

Во текот на 2020 година, Агенцијата за пошти ќе изврши проверки и увиди кај сите даватели за тоа како се спроведуваат спомнатите регулаторни задолженија, а за евентуалните неправилности ќе преземе соодветни мерки.

Агенцијата за пошти е дел од работната група за адресирање и на сивата економија, која е формирана на иницијатива на Министерството за финансии и која има за цел сузбивање на даночната евазија во Е-трговијата._Агенцијата за пошти ќе придонесе во работата со сопствени анализи и извештаи поврзани со сивиот поштенски пазар, пред се за доставата на пратките со откупнина како услуга која е директно поврзана со Е-трговијата, но и за доставата на пратки со автобуски, такси превоз и слично.

Активностите се планираат за 2020 година, работната група ќе ги сублимира активностите од постоечките стратегии и акциски планови за борба против неформалната економија во државата а во неа се членуваат Министерства, државни институции, асоцијации и здруженија кои имаат директно влијание врз регулацијата и надзорот над учесниците во Е-трговијата, но членови се и директните учесници во Е-трговијата.

Агенцијата за пошти иницираше соработка и со Управата за јавни приходи, со цел сеопфатна и делотворна регулација на работењето на давателите на поштенските услуги во делот на услугите за т.н. поштенски пратки со откупнина. Пазарот на услугите за пакети кај кои што, поштенскиот оператор од примачите ја наплатува во кеш стоката која се доставува, повеќе години покажува тренд на раст, но трансферот на готовината (парите од примачите) до испраќачите, за жал се уште е најслабата алка од услугата. Резултат од соработката со УЈП треба да биде изнаоѓање решенија за унапредување на регулативата за да се создаде посоодветна и сигурна деловна клима за раст на пазарите на поштенски услуги за пакети.

Креирањето на специфична правна рамка за потребите на овој растечки пазарен сегмент на услуги, ќе ја зајакне правната сигурност и на испраќачите и примачите на поштенски пакети, но и воопшто сигурноста и довербата во поштенскиот сектор како нераскинлив дел од ланецот на купувањето на далечина. Исто така со сигурност очекуваме дека поволниот бизнис амбиент за лојален пазарен натпревар меѓу лиценцираните поштенски компании, ќе ги стесни и намали можностите и на сивата економија во е-трговијата, што е на линија на политиките на државата во делот на зајакнување на даночната дисциплина, на борбата против сивата економија, како и спречувањето перење пари и приноси од недозволени активности.

### 3.8. Јавни набавки

Во текот на 2019 година Агенцијата за пошти спроведе вкупно **4 (четири) постапки за јавни набавки**, согласно претходно донесениот План за јавни набавки за 2019 година односно, 2 (две) постапки по стариот и 2 (две) по новиот Закон за јавни набавки и тоа:

1. Набавка на услуги - Ревизија на финансиски извештаи за 2018 и 2019 година со склучен договор за 2 (две) годишна набавка со најповолниот понудувач Друштво за ревизија Којзаклиев – Павлеска ДОО Скопје, со вредност од 354.000,00 денари.
2. Набавка на стоки - канцелариски материјал и тонери делива на два дела за 1(една) година со сукцесивна набавка и склучени се договори со најповолните понудувачи - со Офис Плус ДООЕЛ Скопје за набавка на канцелариски материјал, со вредност од 56.178,00 ден. со вкучен ДДВ, и со АПОЛО Ратко ДООЕЛ Скопје за набавна на тонери, со вредност од 56.4040,00 ден. со ДДВ.
3. Набавка на услуги за привремени вработувања, за времетраење од 2 (две) години, со проценета вредност од 3.129.000,00 денари без ДДВ, заврши со склучен договор за Јавна набавка за отстапување на два работника во Агенцијата за пошти со Агенција за привремени вработувања МОТИВИ Скопје.
4. Набавка на услуги за изработка на веб страна за Агенција за пошти Скопје со избраниот најповолен понудувач Алфаком Солуции Скопје склучен е договор со вкупна вредност од 26.550,00 денари со вклучен ДДВ.

Во законските рокови преку ЕСЈН се поднесени шестмесечен извештај со пополнување Евиденција на постапките со барање за прибирање понуди и три квартални извештаи за евиденција на набавките под праговите.

### 3.9.Имплементација на систем за посебно сметководство

Имплементацијата на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите е во директна корелација со надлежностите на Агенцијата како што се спречување на внатрешното субвенционирање на други услуги кои ги обезбедува давателот на универзалната услуга со приходите остварени од обезбедување на универзалната услуга, регулирање на цените на универзалната услуга, регулирање на цените за пристап до поштенската мрежа и пресметување на нето трошоците за универзалната услуга.

Во текот на 2019 година, Агенцијата за пошти во согласност со своите надлежности **презема активности за унапредување на пропишаните принципи и начин на водење на посебно сметководство** и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга. За таа цел, користени се искуствата од другите регулаторни тела, како и искуствата и препораките добиени од работните групи во рамките на Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP) и Европската група на поштенски регулатори (ERGP) во рамките на Европската комисија. Исто така, во 2019 година, Агенцијата активно

партиципираше во Твининг проектот за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“, каде една од компонентите е и утврдување на соодветен систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите, модел за пресметка на нето трошоците на универзалната услуга и политика на цени.

Проектот во голема мера придонесе за унапредување на капацитетите како кај Агенцијата така и кај давателот на универзалната услуга во насока на имплементација на адекватен систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите кој ќе биде во согласност со регулативата и препораките на Европската директива. Утврдени се сите мерки и активности кои треба да се преземат, од аспект на регулативата и од аспект на практичната имплементација кај давателот на универзалната услуга.

Овој процес на имплементација на систем за посебно сметководство е започнат во 2011 година, кога давателот на универзалната услуга до Агенцијата за пошти достави „Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи“, изготвен од давателот на универзалната услуга и надворешна специјализирана компанија.

Доставениот Елаборат беше евалуиран од страна на Агенцијата за пошти и врз основа на активностите и добиените сознанија од евалуацијата, Агенцијата за пошти изработи Мислење за доставениот Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи и истото е доставено до давателот на универзалната услуга. Во Мислењето се наведени позитивните аспекти и недоследностите на доставениот Елаборат и понудени се решенија за надминување на истите и градење на Систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга кој ќе одговори на барањата на Правилникот и препораките на Европската директива за поштенски услуги и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Давателот на универзалната услуга, во следниот период, треба да преземе активности за надминување на недостатоците на предложениот Елаборат како и активности во насока на имплементирање на препораките од Твининг проектот и да предложи Систем за посебно сметководство и алокација на трошоците кој ќе одговори на барањата на Законот, Правилникот и препораките на Европската директива за поштенски услуги и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Од друга страна, Агенцијата за пошти, во соработка со експертите од Твининг проектот врши анализа на постојната регулатива за посебно сметководство и во следниот период ќе предложи решенија за измени во регулативата со цел истата да биде соодветна на условите на поштенскиот пазар во нашата земја и на можностите кај давателот на универзалната услуга, што би резултирало со побрза имплементација на соодветен систем за посебно сметководство кај давателот на универзалната услуги.

Целосната имплементација на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга ќе се реализира по одобрувањето на системот од страна на независна ревизорска куќа и врз основа на тоа, по добиена согласност од Агенцијата за пошти.

## 4. СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Следење на пазарот на поштенските услуги, преку анализа на податоците доставени од даватели на поштенски услуги и изготвување на извештаи и анализи е во функција на исполнување на надлежностите на Агенцијата за пошти. Изготвување на Статистички извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2018 година[1] е изготвен во текот на 2019 година во кој се прикажани податоците за активни даватели на поштенските услуги, за вкупниот остварен обем на поштенски услуги, за бројот на рекламации по поштенски пратки, за развојот на мрежата за достава на поштенски пратки.

Статистичкиот извештај дава преглед посебно за давателот на универзалната услуга и посебно за давателите на слободниот пазар, со анализи и податоци за развојот на конкуренцијата на пазарот, за развојот на давателот на универзалната услуга.

Заклучно со 2019 година на пазарот на поштенските услуги работеле вкупно 35 даватели на поштенски услуги, вклучувајќи ја и А.Д.Пошта на Северна Македонија како давател на универзалната услуга на целата територија на Република Северна Македонија со издадена индивидуална дозвола за обезбедување на поштенските услуги. Бројот на вработени во поштенскиот сектор во 2019 година кај сите даватели на поштенски услуги изнесува 3,238 лица, од кои 2,107 се вработени во Пошта на Северна Македонија, а останатите 1,131 во компаниите на останатите даватели на поштенски услуги.

Во поштенскиот сектор според последните статистички податоци работат ***0.4 % лица*** од *вкупниот број вработени лица во Република Северна Македонија за 2019 година.*

Бројот на вработени во Пошта на Северна Македонија во 2019 година е намален во однос на претходната година за 1,58 % додека бројот на вработени кај останатите даватели на поштенски услуги е зголемен за 36,2 %.

*Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор 2019 година*

| ***Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор*** | **2015 година** | **2016 година** | **2017 година** | **2018 година** | **2019 година** |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Пошта на Северна Македонија*** | 2,265 | 2,343 | 2,244 | 2,141 | 2,107 |
| ***Даватели на поштенски услуги на слободниот*** | 495 | 711 | 836 | 830 | 1,131 |

[1] http://www.ap.mk/mk/statisticki-izvestai-postenski-uslugi

| *поштенски пазар* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|

Обемот на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија во 2019 година изнесувал 39,456,518 милиони поштенски пратки, податок кој сметајќи на ниво на вкупниот пазар изнесува намалување од 0,7 % во споредба со 2018 година. Процентот на намалување на вкупниот обем е резултат на намалувањето на обемот кај давателите на слободниот пазар од 12,8 % на вкупниот обем на поштенски пратки.

Кај Пошта на Северна Македонија се бележи благо зголемување на обемот во однос на 2018 година и тоа за 1,6 % што е особено важно од причина што последователно неколку години имаше тренд на намалување.

*Вкупен обем на поштенскиот пазар 2015/2019 година*

| | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Пошта на Северна Македонија*** | 44,700,920 | 42,627,144 | 38,061,355 | 35,374,685 | 35,945,787 |
| ***Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар*** | 2,438,407 | 2,571,484 | 2,533,241 | 4,359,287 | 3,801,948 |
| ***Вкупен обем*** | ***47,139,327*** | ***45,188,628*** | ***40,594,596*** | ***39,733,972*** | ***39,747,735*** |

*Вкупен обем -Пошта на Северна Македонија (2015/2019 година)*




***Пошта на Северна Македонија има ексклузивно право да обезбедува пратки за кореспонденција во внатрешниот поштенски сообраќај и пратки за кореспонденција кои пристигнуваат во Република Северна Македонија од меѓународен поштенски сообраќај, со тежина до 50 гр. Во резервирани поштенски услуга спаѓа и директната пошта во рамките на истото ограничување за тежина.***

Во рамки на универзалната услуга отпаѓаат 35,654,670 пратки односно 99.2 % од вкупниот остварен обем.

Од вкупно остварениот поштенски сообраќај во Пошта на Северна Македонија во 2019 година, најголем процент 93 % заземаат услуги остварени од обезбедување на пратките за кореcподенција, и тоа 77 % обичните писма.

*Обем на пратки за кореcподенција – Пошта на Северна Македонија 2015-2019*

| | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен обем на пратки за кореcподенција** | 42,497,406 | 39,905,018 | 35,895,950 | 33,357,187 | 33,509,674 |

Следејќи ги податоците од табелата се гледа дека вкупниот обем на ***пратки за кореcподенција*** наназад неколку години постојано опаѓа, но во 2019 година е забележан мал раст и тоа за 0,5 % во однос на 2018 година.

Од вкупниот обем на пратките за коресподенција во групата на обични писма остваруваат 82,6%. Во рамки на универзалната услуга 77,5% отпаѓаат на обични писма во рамки на резервираната услуга, услуга која е монопол за давателот на универзалната услуга.

*Анализа на писма – Пошта на Северна Македонија 2019 година*




Пошта на Северна Македонија остварениот обем на поштенските услуги најмногу го генерира од обезбедување на услугите во внатрешен поштенски сообраќај и тоа значителни 85,6 % од остварениот сообраќај е од пратки во внатрешен сообраќај.

Во внатрешниот поштенски сообраќај обезбедувањето на пратките за коресподенција е повеќе од 95,4%, додека за обезбедувањето на останатите услуги отпаѓа помалку од 5%.

Услугата пакети е сегмент од поштенски пратки која се состои од прием пренос и достава на пакети. Основна функција на оваа услуга е пренос на стока со или без означена вредност. Пакетот во рамките на универзалната услуга не може да има тежина поголема од 10 кг во внатрешниот сообраќај и 20 кг во меѓународниот сообраќај.

Во 2019 година се забележува зголемување на обемот на пакетите кај Пошта на Северна Македонија во однос на 2018 година и тоа за 26,5 %. Развојот на е-трговија почнува да покажува резултати што се потврдува и со податокот за зголемување на обемот на оваа услуга.

*Број на пакети – Пошта на Северна Македонија 2015 -2019 год.*

| Пошта на Северна Македонија | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Пакети*** | *109.300* | *112.229* | *110.488* | *88,481* | *111,886* |

Со формирањето на Агенцијата за пошти во 2008 година, започнува и процесот на лиценцирање на правни и физички лица кои обезбедуваат поштенски услуги на пазарот, како и одредување на давател на универзална услуга на целата територија на РМ.

Од 2008 година до 2019 година имаме динамичен поштенски пазар, односно континуирана промена на бројот на даватели на поштенски услуги. Во период од 2008 година до 2019 година, Агенцијата за пошти има издадено вкупно 65 лиценци за обезбедување на поштенски услуги, а до крајот на 2019 година пазарот работеле 35 даватели на поштенски услуги.

*Обем на поштенски услуги кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар - (2015/2019)*




Во 2019 година се бележи голем пад на обемот на пратките за коресподенција кај давателите на слободниот пазар. Повеќе даватели на поштенски услуги се сконцентрирани на обезбедување на услуги од нотари и извршители кои во рамки на овие податоци давателите ги означуваат и како други услуги во рамки на поштенските услуги.

*Обезбедување на услугата -пакети кај даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар - 2015/2019 година*

| | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пакети** | 1,214,329 | 968,383 | 1,170,554 | 1,263,340 | 1,634,197 |

Се бележи постојано зголемување на обемот на услугата пакети кај давателите на *поштенски услуги на* слободниот поштенски пазар. Продолжува трендот на зголемување како резултат на развојните сегменти на поштенскиот пазар, а тоа е online трговијата и препознавање на услугите кои во иднина ќе бидат основа на поштенскиот сектор.

Во 2019 година се бележи зголемување од скоро 30% во однос на 2018 година услугата пакети кај давателите *на поштенски услуги* на слободниот поштенски пазар.

*Обезбедување на услугата -пакети кај даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар - 2015/2019 година*



Во 2019 година, има на благ раст на пратките по глава на жител. Така, ако бројот на пратки во 2018 година изнесуваше 18.7, во 2019 година е 18.8 пратки по глава на жител.

*Остварени поштенски пратки во Република Северна Македонија по глава на жител 2015 - 2019 година*

| | **2015 год.** | **2016 год.** | **2017 год.** | **2018 год.** | **2019 год.** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на пратки по глава на жител** | 22,7 | 21,8 | 19,6 | 18,7 | 18,8 |

Поштенска мрежа претставува систем на организација и средства кои се употребуваат од давателите на поштенските услуги за прием и дистрибуција на поштенски пратки до назначената адреса.

Секој давател на поштенски услуги располага со своја мрежа преку кои ги обезбедува поштенските услуги согласно потребите, согласно територијата на обезбедување на услугите.

Пошта на Северна Македонија во обезбедување на универзалната услуга располага со 723 точки за пристап за прием на поштенски пратки.

Доставата на поштенските пратки се врши преку 496 редовни пошторазнесувачи, и 262 договорни поштари. Воедно, доставата се врши и преку поштенски фахови, лоцирани во поголемите поштенски единици во населените места во Република Северна Македонија.

*Точки за пристап за обезбедување на поштенски пратки – Пошта на Северна Македонија 2018/2019 година*

| **Точки за пристап** | **2018 година** | **2019** |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици | 333 | 334 |
| 2. Поштенски сандачиња | 374 | 374 |
| 3. Поштенски фахови | 6539 | 6539 |
| Вкупно | 7246 | 7247 |

*Точки за пристап за обезбедување на поштенски пратки – даватели на поштенски услуги на слободниот пазар 2018/2019 година*

| Точки за пристап | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 136 | 191 |
| 2. Број на вработени ангажирани во обезбедување на услугите | 830 | 1131 |
| 3. Број на "call" центри | 58 | 67 |
| 4. Број на возила за обезбедување на услугите | 425 | 634 |

Вкупниот приход кај сите даватели на поштенски услуги во 2019 година во однос на 2018 година е зголемен за 19 %.

Давателите на поштенските услуги на слободниот поштенски пазар имаат зголемување на приходите во однос на 2018 година и тоа за 30 %, а воедно и Пошта на Северна Македонија има зголемување.

*Движење на приходите кај давателите на поштенските услуги 2015/2019 година (изразено во денари)*



*Соодност на број на рекламации кај Пошта на Северна Македонија и кај давателите на поштенските услуги на слободниот пазар во 2019 година*




Во 2019 година најмногу рекламации има поднесено по основ на изгубени поштенски пратки и тоа 82%.

## 5. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИ

Отвореноста на **Агенција за пошти** во поглед на комуникацијата со корисниците дава сознанија за нивните реални потреби од поштенските услуги. Агенцијата е **достапна** за да одговори на сите прашања поврзани со работењето на лиценцираните даватели на поштенски услуги. Тука е да ги **информира** и **советува** за тоа како да ја добијат соодветната услуга и секако доколку имаат некаков проблем, да ги **насочи** и да им **помогне** како правилно да го решат истиот.

Комуникацијата со корисниците е на дневна основа, тие добиваат информации за постапките и процедурите на поднесување на рекламации кај давателите на поштенски услуги. Во Агенцијата за пошти покрај писмената комуникација, на корисниците им е овозможено да поднесуваат претставки и предлози и по електронски пат како и преку телефон.

Во 2019 година поднесени се вкупно 31 (триесет и една) претставка од корисници на поштенски услуги. 21 (дваесет и една) од нив се поднесени од страна на физички лица, а 10 (десет) од правни лица. **По претставките е соодветно и во рок одговорено.**




*сите претставки не се основани

Според основот на поднесување, оваа година забележан е пораст на претставки во кои различни подносители се жалат на работењето на ист давател на поштенски услуги. Имено во 8 (осум) претставки, предмет на незадоволство се пратките со откупнина. Конкретно, корисниците во својство на испраќачи се жалат дека поштенскиот операторот откако ќе ја изврши поштенската услуга ( ќе ја достави пратката до примачот) на испраќачите не им ја предава откупнината која што е претходно наплатена од примачите. Овој дел од услугата не е поштенска услуга, туку станува збор за финансиско побарување кое произлегува од меѓусебен договор помеѓу испраќачот и давателот на поштенски услуги.

Заради заштита на корисниците на поштенски услуги, Агенцијата соодветно им препорачува и укажува на поштенските даватели да ги исполнат своите финансиски обврски кон испраќачите. Ваквото искуство ја иницира соработка со Управата за јавни приходи, со цел сеопфатна и делотворна регулација на работењето на давателите на поштенските услуги во делот на услугите за т.н. поштенски пратки со откупнина. Пазарот на услугите за пакети кај кои што, поштенскиот оператор од примачите ја наплатува во кеш стоката која се доставува, повеќе години покажува тренд на раст, но трансферот на готовината (парите од примачите) до испраќачите, за жал се уште е најслабата алка од услугата. Резултат од соработката со УЈП треба да биде изнаоѓање решенија за унапредување на регулативата за да се создаде посоодветна и сигурна деловна клима за раст на пазарите на поштенски услуги за пакети.

Покрај претставките и предлози, до Агенцијата се поднесуваат и управни приговори[2].

Корисникот на поштенски услуги откако ќе го искористи правото да поднесе рекламација кај давателите на поштенски услуги, доколку е незадоволен од одговорот по рекламација а ги исполнил своите обврски кон давателот на поштенските услуги, може да поднесе управен приговор до Агенцијата во дополнителен рок од 15 дена од приемот на одговорот, доколку се уште траат основот и причините поради кои била поднесена

[2] Управни постапки на Агенцијата за пошти стр.10

рекламација до давателот на поштенските услуги. Истото право го има корисникот кога му е оневозможено да поднесе рекламација или кога во законскиот рок не добил одговор од давателот на поштенските услуги.

# 6. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 6.1. Јавно и транспарентно работење

Во насока на јавно и транспарентно работење, Агенцијата за пошти на 20 декември 2019 година го одржа јавниот состанок, во хотелот Holiday Inn, во Скопје. На седницата присуствуваа членовите на Комисијата на Агенцијата, а свои излагања имаа директорот на Агенцијата за пошти, г-ѓа Билјана Аврамоска-Ѓореска, која говореше за реализираните активности во 2019 година и идните планови во 2020 година, но и за значењето и придобивките од поставување на куќни поштенски сандачиња, како и раководителот на Директоратот за анализа на пазарот која ги презентираше податоците од Статистичкиот извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија во 2018 година.

Исто така, свои излагања и презентации имаа експертите од Твининг партнерот, Кралството Шпанија, г-ѓа Ракел Лобато од Министерство за јавни работи на Шпанија, потоа г-дин Хуан Рамон Де Ла Ерас и г-дин Алфонсо Мандроњал од јавниот назначен оператор за универзална услуга на Шпанија – Кореос.

На јавниот состанок присуствуваа Министерот за транспорт и врски и Министерот за локална самоуправа, членовите на Управниот одбор и претставници на АД Пошта на Северна Македонија, Заменик Амбасадор од Амбасадата на Шпанија, потоа претставници од институции, поштенските оператори, како и претставници на медиумите.

Истовремено на овој настан се одржа и промоција на кампањата „**Твојата пратка во безбедно сандаче**", која е дел од Твининг проектот и е резултат на соработката помеѓу Агенцијата за пошти, Делегацијата на ЕУ, Министерството за јавни работи на Шпанија и Меѓународната Иберо-Американска фондација за администрација и јавни политики (FIIAP).

Целта на кампањата е да ги промовира придобивките од поставување на куќни поштенски сандачиња. Во таа насока, Агенцијата за пошти укажа и на можноста за примена на Европскиот стандард EN 13724 во врска со поштенските сандачиња.

Промотивниот материјал (видео) за кампањата „Твојата пратка во безбедно сандаче“, беше презентирано за прв пат на јавниот состанок.

Во декември 2019 година, промотивното видео беше поставено на веб банер на веб сајтот time.mk, со официјални податоци за посетеност од 1,316,958 од десктоп компјутер и 471,293 од мобилен уред.

Исто така, видеото се емитуваше на првата програма на националниот сервис Македонска Радио Телевизија, во текот на месец декември 2019 година[3].

## 6.2. Меѓународна соработка на Агенцијата за пошти

Во услови на големи предизвици во регулацијата на пазарот на поштенски услуги, улогата на меѓународната соработка е од особено значење. Предизвиците пред сè, се однесуваат во делот на либерализација на пазарот на поштенски услуги, опфатот на обврските од универзалната услуга, обезбедување на оддржлив развој на универзалната услуга и подобрување на доставата на поштенски пратки во делот на пакетите како сегмент од особено значење како еден од клучните елементи за понатамошен развој на електронската трговија на национално, регионално и светско ниво.

Меѓународната соработка на Агенцијата за пошти во 2019 година се одвиваше во повеќе насоки и тоа:

- Соработка со меѓународни организации од областа на поштенските регулации како што се: Европската комисија (ЕС), Светскиот поштенски сојуз (UPU), Европската група на поштенски регулатори (ERGP), Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP) и други меѓународни организации,
- Учества на меѓународни настани од областа на поштенските регулации.

**Целите** на меѓународни активности на Агенцијата за пошти во 2019 година беа:

- Стекнување на знаења, искуства и најдобрите практики во областа на поштенските регулации и нивна примена во надоградување на поштенската регулатива на пазарот на поштенски услуги,
- Развивање на билатерални односи со други национални регулаторни тела од областа на поштенските услуги,
- Реализација на меѓународни проекти од областа на поштенската регулација на пазарот на поштенски услуги,
- Следење на новите трендови во поштенските услуги и регулација на пазарот на регионално, европско и глобално ниво.

### 6.2.1. Европски комитет на поштенска регулација (CERP)

Европската конференција на поштенски и телекомуникациски администрации (СЕПТ) формирана е во 1959 година, додека Европскиот комитет за поштенски регулации (CERP) како независен работен комитет во рамките на СЕПТ формирана е во 1992 година. Република

[3] Видеото може да го погледате на www.ap.mk

Северна Македонија од 1995 година е редовна членка на CERP. Во моментов во рамките на CERP членуваат 48 земји од Европа.

Основната улога на CERP е да ги проучува поштенските регулативи од европски контекст земајќи ги во предвид националните специфичности од регулаторен и оперативен аспект, преку воспоставување на редовна соработка со Европската унија и преку одржување на односи со соодветни асоцијации во делот на регулаторните прашања. Агенцијата за пошти од нејзиното формирање во 2008 година активно учествува во работењето на CERP и во нејзините работни групи Поштенска политика и Прашања од доменот на UPU.

Во текот на 2019 година, претставници на Агенцијата за пошти земаа активно учество на следните активности организирани од CERP:

- Заеднички состаноци на работните групи (UPU и Policy) на CERP, кои се одржаа на 20, 21 и 22 март 2019 година во Белград, Србија, на кои присуствуваа околу 40 претставници од околу 20 земји членки на CERP.
- Заеднички состаноци на работните групи (UPU и Policy) на CERP, кои се одржаа од 04 до 06 септември 2019 година во Варшава, Полска. На 04.09.2019 година се одржа 14-от состанок на работната група Policy, а на 05.09.2019 се одржа 24-от состанок на работната група UPU. На истите присуствуваа 40 претставници од 22 земји членки на CERP. На 06.09.2019 се одржа заеднички состанок помеѓу CERP и PostEurop со повеќе од 75 учесници. На состаноците се дискутираше за иницијативата за потпишување на Меморандум за соработка со ERGP за размена на информации, во областа на регулација и да се одржуваат контакт состаноци помеѓу двете организации.

### 6.2.2. Европската група на поштенски регулатори (ERGP) и Европска Комисија

Агенцијата за пошти во рамките на своите можности во текот на 2019 година учествуваше во активностите на Европската комисија преку учества во работните групи на Европската група на поштенски регулатори (ERGP). Целите на ERGP е преку донесување на заклучоци, дискусии и извештаи да се советува и помогне Комисијата во зајакнување на услугите, регулаторната рамка на интерниот пазар на поштенски услуги и други фази на своето делување.

Активностите на Европската група на регулатори за поштенски услуги во текот на 2019 година се одвиваа во согласност со годишната програма за работа на ERGP во која беа идентификувани следните работни групи:

- Регулаторно сметководство и регулација на цени;
- Конкуренција и регулација на пристап;
- Задоволство на крајните корисници и следење на пазарните резултати,
- Прекугранична достава на пакети за целите на електронската трговија.

Агенцијата за пошти во активностите на работните групи на Европската група на поштенски регулатори учествуваше во својство на набљудувач. Ова својство произлегува од статусот на Република Северна Македонија како земја кандидат за влез во Европската Унија.

Во таа насока,

- 3 (тројца) претставници од Агенцијата за пошти учествуваа на Работилница за развојот во поштенскиот сектор, која се одржа на 29.01.2019 година во Брисел., Белгија
- 1 (еден) претставник од Агенцијата зема учество на Јавна работилница за учесниците во поштенскиот сектор, која се одржа на 04 јуни 2019 година, во Брисел, Белгија.
- 2 (двајца) претставници на Агенцијата за пошти учествуваа на 16 –та Пленарна седница на ERGP, во Понте Делгада, Португалија на ден 27 и 28 јуни 2019 година. На оваа Пленарна седница беа презентирани документи од работните групи на ERGP, поточно регулаторната работна група ги презентираше последните мислења во однос на ревизијата на регулаторната рамка за поштенски услуги и истиот документ беше даден на усвојување од страна на членовите на ERGP на пленарната седница. Во овој работен материјал се вклучени основните трендови во поштенскиот сектор, потешкотиите за примена на одредени членови од Директивите за поштенски услуги во пракса и можноста за импликации за регулирање на истите како последица на е супституцијата и технолошкиот развој.
- На 17 и 18 септември, 1 (еден) претставник од Агенцијата учествуваше на Работилница за потребите на корисниците и учество на Форум на ERGP, кои се одржаа во Брисел, Белгија.
- 2 (двајца) претставници на Агенцијата за пошти учествуваа на 17 –та Пленарна седница на ERGP, во Хаг, Холандија, од 26 и 29 Ноември 2019 година. На оваа Пленарна седница беа презентирани документи од работните групи на ERGP, поточно регулаторната работна група ги презентираше последните мислења во однос на ревизијата на регулаторната рамка за поштенски услуги и истиот документ беше даден на усвојување од страна на членовите на ERGP на пленарната седница.

### 6.2.3. Светски поштенски сојуз (UPU)

Светскиот поштенски сојуз претставува меѓународна организација во рамките на Обединетите организации која на своите 192 земји членки ги штити интересите и ги координира активностите поврзани со поштенските услуги на ниво на поштенски субјекти. Воедно, Светскиот поштенски сојуз има улога во креирање на стратегии и политики за

одржлив развој на пазарот на поштенските услуги на меѓународно ниво како одговор на глобалните предизвици кои се јавуваат како резултат на промените на пазарот на комуникации и развојот на новите технологии. Во рамките на Светскиот поштенски сојуз воедно членуваат и други меѓународни организации од областа на поштенскиот сообраќај со посебен статус на членство.

Во Светскиот поштенски сојуз Република Северна Македонија како поштенски субјект членува од 1993 година претставена од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за пошти како национален регулатор од областа на поштенските услуги и А.Д. Пошта на Северна Македонија како назначен давател на универзална услуга.

Во рамките на Светскиот поштенски сојуз Агенцијата за пошти учествува во работењето на Административниот совет како постојаното тело на Сојузот. Административниот сојуз како едно од работните тела на Светскиот поштенски сојуз е составен од 41 земја членка кои се состануваат два пати годишно. На работните состаноци учествуваат земјите членки на Административниот совет, како и останатите земји членки на Светскиот поштенски сојуз и останати меѓународни организации од областа на поштенските услуги, без право на гласање.

Во 2019 година претставници на Агенцијата за пошти учествуваа на следните активности во рамките на Светскиот поштенски сојуз и тоа:

- 1 (еден) претставник учествуваше на состаноците на Советот за администрација и Пленарната седница во рамките на Светскиот поштенски сојуз, кои се одржаа од 08 до 12 април 2019 година во Берн, Швајцарија.
- 1 (еден) претставник учествуваше на Втората сесија на Советот на администрација на Светскиот поштенски сојуз, кој се одржа од 21 до 25 октомври 2019 година во Берн, Швајцарија.
- Во период од 22 до 26 септември 2019 година се одржа Третиот вонреден Конгрес на Светскиот поштенски сојуз во Женева, Швајцарија каде присуствуваа 2 (двајца) претставници од Агенцијата. На Конгресот беше едногласно **усвоен нов модел** за пресметка и наплата на трошоците на поштенските оператори за достава на меѓународни пратки во домицилната поштенска мрежа, со што се реализира условот на САД за останување во членството на Светскиот Поштенски Сојуз (UPU).

### 6.3.Други меѓународни активности

Во период од 28 до 29 мај 2019 година, во Сараево, Босна и Херцеговина се одржа тркалезна работна маса на тема „Редифинирање на универзалната поштенска услуга“ организирана од страна на Факултетот за транспорт и комуникации од Сараево и регулаторното тело за поштенски сообраќај на БИХ. Агенцијата беше претставувана од 3 (тројца) претставници. Во рамките на работниот дел на средбата во панелот 3 – Поштенскиот

сектор во 2020 - Новите трендови и предизвици, Агенцијата за пошти имаше своја презентација со наслов "Редефинирање, Редизајнирање, Редистрибуција на универзалната поштенска услуга".

Претставник од Агенцијата, во рамките на ЕУ Твининг проектот „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти", учествуваше на Деветтата заедничка обука за постојани твининг советници, која се одржа на 02 и 03 јули во Брисел, Белгија.

Во период од 03 до 04 декември 2019 година, 4 (четири) претставници од Агенцијата присуствуваа на 37-тиот Симпозиум PosTel 2019, во Белград, Република Србија. Претставник од Агенцијата имаше презентација на симпозиумот за тековниот ЕУ Твининг проект на Агенцијата.

### 6.4. Твининг проект „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти"

Агенцијата за пошти во измината 2019 година активно и во рамките на максималниот капацитет на расположливи ресурси го имплементираше Твининг проектот „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти", финансиран од Европската Унија.

**Основна цел** на проектот е зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти во областа на креирање на процедури и стратешки документи, одредување на адекватен систем за посебно сметководство и алокација на трошоци на давателот на универзалната услуга, како и модел за пресметка на нето трошоците на универзалната услуга и знаења поврзани со политика на цени и зајакнување на надзорната улога на Агенцијата.

**Генерална цел** е јакнење на капацитетите на Агенцијата во согласност со барањата кои произлегуваат од домашното законодавство, како и од Поштенската директива на ЕУ. Воедно, проектот има за цел да придонесе за подобар квалитет на поштенските услуги кои ги обезбедуваат поштенските оператори, како и да биде основа при подготвување и усвојување на нова Стратегија за развој на поштенскиот сектор од страна на Министерството за транспорт и врски.

Очекувани резултати од проектот се: подобрување на капацитетите на Агенцијата за пошти, воспоставени процедури и направени стратешки документи, воспоставен адекватен систем за посебно сметководство и алокација на трошоци на давателот на универзалната услуга, како и модел за пресметка на нето трошоците на универзалната услуга и модел за регулација на цените на универзалната услуга, зајакнат инспекциски надзор на Агенцијата за пошти, воспоставување на критериуми и законски одредби за стандардизирани приватни поштенски сандачиња според стандардот EN 13724, како и подобрени капацитети за специфични анализи на пазарот.

***Историјат*** - Твининг проектот е одобрен на почетокот на 2017 година со гранд од 600.000 евра. Агенцијата работеше на изработка на проектното фише во втората половина на 2017 година. Твининг проектот започна во декември 2018 година, и истиот е со времетраење

од 18 месеци, со Твининг партнер од Министерството за јавни работи и транспорт (преименувано во Министерство за транспорт, мобилност и урбани работи од страна на Владата на Шпанија) – Оддел за поштенска регулација од Шпанија.

Твининг проектот официјално започна со презентирање на конференција која се одржа на 27 февруари 2019 година во хотел Холидеј Ин, Скопје. На конференцијата присуствуваа претставници од повеќе институции и од поштенските оператори, а свои говори имаа директорот на Агенцијата, г-га Билјана Аврамоска Ѓореска, проект лидерите од двете земји (земјата корисник и земјата членка), потоа од Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македониа, од Амбасадата на Кралството Шпанија и од FIIAPP.

Проект се состои од 5 (пет) Компоненти, а секоја од нив покрива различни области од надлежностите на Агенцијата.

- Првата компонента е „Креирање на стратешки документи и процедури".
- Втората компонента се однесува на одредување на соодветен систем за посебно сметководство и алокација на трошоци, модел за пресметка на нето трошоци на универзалната услуга и модел за политика на цени.
- Третата компонента е насловена Зајакнување на инспекциската улога на Агенцијата за пошти.
- Четвртата компонента се однесува на воспоставување на критериуми и законски одредби за стандардизирани приватни поштенски сандачиња.
- Петтата компонента се однесува на подобрување на капацитетите за специфична анализа на пазарот.

**Започнување на реализација на обуките и работилниците во рамките на Твининг проектот - април 2019 година**

**Времетраење** - 5 (пет) работни дена за секоја работилница

**Учесници** - претставници од трите институции - Агенцијата за пошти, АД Пошта на Северна Македонија и од Министерството за транспорт и врски.

Првата обука од првата Компонента – Креирање на стратешки документи и процедури се одржа во април 2019 година. На обуката беше даден преглед на европската легислатива во однос на регулација на поштенскиот пазар, јасна дистинкција, односно разграничување на поштенските услуги; концепт и делокруг на универзалната поштенска услуга; финансирање на универзалната поштенска услуга и назначен оператор, како и презентација на сегашната состојба со ЕУ Директивата за пошти и планираната измена на истата.

Втората обука од првата Компонента – Креирање на стратешки документи и процедури, се одржа во во мај 2019 година. На истата се обработуваа теми во врска со Поштенската директива, трендовите за ревизија на Директивата, предлозите и промените за

реформи во системот за плаќање на Светскиот поштенски сојуз. Се дискутираше и за назначените оператори за универзална услуга, за правата и обврските на корисниците на поштенските услуги, за ЕУ регулативата за достава на поштенски пакети и пристап до мрежата на давателот на универзална услуга. Се разработуваа теми за државната помош за давателот на универзална услуга и за моделот на договор за пристап до мрежата во Шпанија. Понатаму, се дискутираше за националните регулаторни тела, нивната независност, а се дадоа и насоки и првични теми за следната обука која ќе се одржи во јули 2019 година.

Во јули 2019 година, се одржа работилница од Компонента 3 - Зајакнување на инспекциската улога на Агенцијата за пошти, на која беа разработени теми од поштенската област, во насока на нивна регулација во законската и подзаконската регулатива, како и теми од областа на инспекцискиот надзор. Беа презентирани и компаративни анализи на решенијата во Европската Унија и во Шпанија, како и одредени специфични примери и искуства од останатите земји. На истата, беа опфатени теми во врска со анализа на поштенскиот пазар и режимот за издавање на дозволи и овластувања; се разговараше за режимот на рекламации од корисниците на поштенските услуги и постапките за прекршоци и санкции. Тема на работилницата беше и инспекцискиот надзор (инспекциски планови) со дискусија за регулативата во Македонија и компаративно во Шпанија и ЕУ, како и инспекциски протокол и режим на прекршоци и санкции во Шпанија. Беа опфатени темите за моделите на записници и извештаи од извршените надзори, санкциите и жалбите, како и годишниот извештај за надзор, а претставниците на Агенцијата направија презентација на начинот на вршење на надзор во АП (документација, процедури, прекршочни постапки, судски постапки) на реализиран предмет за надзор.

Во септември 2019 година се одржа 3-та работилница од Компонента 1 – Креирање на стратешки документи и процедури, а главен фокус на истата беше анализа на структурата на Законот за поштенските услуги, на подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и анализа на македонската нормативна рамка.

Во октомври 2019 година се одржа четвртата и последна работилница во рамките на Компонента 1 – Креирање на стратешки документи и процедури. На работилницата се разгледуваше структурата на постоечкиот Закон за поштенските услуги и со компарација на нормативата во ЕУ, Шпанија и најдобрите практики.

Согласно утврдениот план и динамика на проектот, во декември 2019 година, Твининг партнерот **изработи** и **достави** Прирачници предвидени во првата и третата компонента и тоа „Прирачник за инспекциски надзор во поштенскиот сектор“, како и „Анализа на регулаторната рамка за создавање јавни политики во поштенскиот сектор – Препораки за подобрување“.

Во ноември 2019 година се одржа првата работилница во рамките на Компонента 2 - Посебно сметководство и алокација на трошоци. На работилницата беа презентирани состојбите и економските показатели во поштенскиот сектор во нашата земја, Шпанија и на ниво на ЕУ.

Во декември 2019 година се одржаа работилница и активности во рамките на Компонента 4- Воспоставување критериуми и законски одредби за стандардизирани приватни поштенски сандачиња. Првите два (2) дена, се реализира теренска посета во Гевгелија и скопската населба Бутел. Целта беше да се согледа актуелната состојба со куќните поштенски сандачиња во урбани и во рурални области. Посетата на терен, како и податоците поврзани со сандачињата, беа овозможени од страна на АД Пошта на Северна Македонија, чии претставници активно учествуваа и на работилницата. Следните 2 (два) дена се одржа обука каде експертите ги презентираа барањата од европскиот стандард EN 13724 за стандардизирани поштенски сандачиња, како и презентација на поштенската регулатива во Шпанија со конкретни препораки за подобрување на ситуацијата во нашата земја.

На 20 декември 2019 година се одржа Јавна седница на Агенцијата за пошти и се промовира јавната кампања „Твојата пратка во безбедно сандаче", во рамките на Твининг проектот и во соработка помеѓу Агенцијата за пошти, Делегацијата на ЕУ, Министерството за јавни работи на Шпанија и Меѓународната Иберо-Американска фондација за администрација и јавни политики (FIIAP).

Во рамките на ЕУ Твининг проектот, Агенцијата за пошти беше домаќин на 54-от Пленарен состанок на CERP (Европски комитет за поштенска регулација), кој се одржа на 12 и 13 Јуни во Скопје. На истиот присуствуваа околу 80 (осумдесет) учесници од преку 20 (дваесет) земји, претставници на министерства, регулатори и меѓународни организации од поштенскиот сектор.

На состанокот свое обраќање имаше директорот на Агенцијата, г-ѓа Аврамоска-Ѓореска, како и проект лидерот на земјата корисник Мирјана Јанковиќ, со своја презентација за самиот проект.

Имајќи го во предвид фактот дека во 2020 година ќе се одржат избори за Генерален секретар и заменик на Генералниот секретар на Светскиот поштенски сојуз, свои претставувања пред присутните на состанокот имаа кандидатите за двете позиции. Понатаму, во делот на форумските дискусии, се разговараше за техничка соработка во поштенскиот сектор помеѓу европските земји, а како една од горливите теми во овој период главен акцент беше ставен на системот за надоместоци кон Светскиот поштенски сојуз, ставот на CERP, како и дискусија за новата регулатива за поштенскиот сектор на Европската Унија.

## 7. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА

- **Човечки ресурси**

Заклучно со 31 декември 2019 година, бројот на вработени во Агенцијата за пошти изнесува вкупно 19 (деветнаесет) лица, од кои еден директор, 16 (шеснаесет) административни

службеници и 2 (две) лица ангажирани на определено време, преку Агенција за привремени вработувања.

- **Плата, надоместоци на плата и други надоместоци, одмори и отсуства**

Вработените во Агенцијата за пошти своите права од работен однос - Плата, надоместоци на плата и други надоместоци, одмори и отсуства ги остваруваат согласно Законот за поштенски услуги, Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работни односи, Колективниот договор на Агенцијата за пошти.

Заклучно со 31 декември 2019 година, исплаќан е и месечен паричен надоместок на 5 (петте) членови на Комисијата на Агенција за пошти, кои се именувани од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Платите, надоместоците на плата и другите надоместоци им се исплатуваа редовно на сите вработени, вклучително и на Директорот и на вработените на определено време.

Согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти, во 2019 година на 3 (три) административни службеници, исплатени им се јубилејни награди за десетгодишна континуирана работа во Агенцијата за пошти.

На сите вработени во Агенцијата за пошти, согласно Колективниот договор, исплатен им е регрес за годишен одмор за 2019 година, а и сите вработени во потполност го оствариле правото на годишен одмор за извештајната година.

- **Реализација на Годишен план за вработување во 2019 година**

Годишниот план за вработување во 2019 година навреме беше донесен од страна на Агенцијата и одобрен од МИОА, но во текот на 2019 нема реализација на истиот.

- **Реализација на Годишниот план за обуки за 2019**

Обуките во рамките на Агенцијата се спроведуваат согласно Годишниот план за обуки за 2019 година одобрен од страна на МИОА. Финансирањето на обуките е на товар на буџетот на Агенцијата. Вработените во Агенцијата, континуирано следат обуки планирани според Годишниот план за 2019 година. Во извештајниот период од страна на МИОА не се спроведоа генерички обуки за административни службеници од рамката на обуки за општи компетенции.

Во текот на 2019 година сите 19 (деветнаесет) вработени во Агенцијата учествуваа на вкупно 25 (дваесет и пет) специјализирани и стручни обуки, работилници, семинари. Во рамки на 3-те (три) Компоненти на Твининг проектот за зајакнување на капацитетите на Агенцијата, сите 19 (деветнаесет) вработени од Агенција за пошти присуствувале на 8 (осум) стручни обуки.

- **Оценување на административните службеници**

Оценувањето на административните службеници во Агенцијата за пошти се спроведе согласно Законот за административни службеници и Колективниот договор на Агенцијата за пошти. Во мај 2019 се спроведе полугодишно интервју за 16 (шеснаест) вработени административни службеници. Не е спроведено полугодишно интервју за вработените на определено време. Заклучно со 31 октомври 2019 година оценети се вкупно 15 (петнаесет) административни службеници во Агенција за пошти. Не е оценет 1 (еден) административен службеник поради неисполнување на условите за истото, односно истиот користеше неплатено отсуство од 3 (три) месеци.

# 8. ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА КОМПЕНЗАЦИСКИОТ ФОНД ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА

Давателот на универзалната услуга има право на надоместок на нето трошоците што настанале со обезбедувањето на универзалната услуга, кои се пресметуваат како разлика меѓу трошоците на давателот направени со обврските за универзалната услуга и трошоците кои давателот би ги реализирал без обврските за универзалната услуга (симулација), имајќи ги во предвид и сите нематеријални и материјални предности на давателот од обезбедувањето на универзалната услуга.

За остварување на правото за надоместок на нето трошоците давателот на универзална услуга до Агенцијата поднесува барање со пресметка на нето трошоците, поткрепена со финансиски извештај и сметководствени информации базирани на ревидиран годишен извештај за претходната година, не подоцна од 31 март во тековната година.

Агенцијата за пошти формира компензациски фонд со отворање на посебна жиро сметка, кој се состои од средства кои се обезбедуваат од давателите на поштенски услуги кои остваруваат минимум бруто приход утврден од Агенцијата (задолжени даватели).

Воспоставувањето и функционирањето на компензацискиот фонд, како фонд од кој би се финансирала универзалната услуга под услови и на начин утврдени со Законот за поштенските услуги и Методологијата на утврдување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга и нивното пресметување, е директно поврзано со воведување систем на посебно сметководството и алокација на трошоците и приходите кај давателот на универзалната услуга. Имено, главен извор на податоците и информациите кои се користат при пресметката на нето трошоците е системот на посебно сметководство, од каде може да се утврдат трошоците за поединечните услуги и фази од обезбедувањето на универзалната услуга, како и приходите и трошоците за деловните единици.

Со оглед на фактот дека заклучно со 31.12.2019 година АД Пошта на Северна Македонија, како давател на универзална услуга, **нема поднесено барање** за остварување на правото за надоместок на нето трошоците и нема имплементирано систем на посебно сметководство за утврдување на нето трошоците што настанале со обезбедувањето на универзалната услуга, **не се исполнети основните претпоставки** за воспоставување и функционирање на компензацискиот фонд.

И покрај тоа, Агенцијата за пошти Скопје донесе Одлука за утврдување на висината на минимум бруто приход за задолжени даватели, со која се утврдува висината на минимум бруто приход кој го остваруваат давателите на поштенски услуги, потребна за стекнување статус на задолжен давател кој подлежи на обврската за плаќање во компензацискиот фонд и донесе „Методологија за утврдување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга и начинот на нивното пресметување“ со која се утврдува структурата на потребните финансиски информации и начинот на пресметување на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга што претставува основа за плаќање на надоместокот на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга.

Овој модел на финансирање, односно надоместување на трошоците на универзалната услуга со формирање на компензациски фонд е во согласност со Директивата за поштенски услуги на Европската Унија, меѓутоа скоро и да не се користи во пракса кај земјите од Унијата. Оттука, Агенцијата за пошти во 2019 година, во соработка со експертите од Твининг проектот, **работеше** на изнаоѓање **на друг модел** за финансирање на универзалната услуга кој би бил посоодветен на условите на поштенскиот пазар во нашата земја, кој би можел да се имплементира во пракса и би дал реални резултати кои би биле од помош за давателот во обезбедувањето на обврските на универзалната услуга. За имплементирање на новиот модел, потребни се законски измени кои ќе бидат иницирани од страна на Агенцијата за пошти во текот на 2020 година.

## 9. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Агенцијата за пошти, согласно член 23 од Законот за поштенските услуги, своето работење го финансира од средства остварени од приходите од надоместоците од давателите на поштенски услуги и од донации, заеми и друга финансиска и техничка помош. Вредно е да се напомене дека Агенцијата за пошти има целосна финансиска независност, како еден од основните предуслови за успешно функционирање како независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со закон. Имено, Агенцијата за пошти во 2019 година, во најголем дел, **се финансираше** од **надоместоците од давателите на поштенски услуги** согласно член 23 од Законот за поштенските услуги.

Врз основа на добиено писмено Известување од Министерството за финансии со архивски број 07-48746/1 од 19.12.2008 година, кое се однесува на одредбите согласно кои треба да се води сметководството, Агенцијата за пошти го заснова своето сметководствено и

финансиско работење, признавањето на приходите и расходите, проценката на билансните позиции и изготвувањето на финансиските и сметководствените извештаи, на Законот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации, Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации, Законот за данокот на добивка, Законот за персоналниот данок на доход и други прописи кои го уредуваат финансиското работење на Агенцијата.

Од презентираните финансиски извештаи за 2019 година се гледа **коректното работење** на Агенцијата за пошти која своите активности ги извршува според претходно добро предвидени цели, организирани ресурси и јасни визии.

Финансиското работење се темели на потребите и мисијата на Агенцијата за пошти кои се во функција на остварување на целите и обврските кои произлегуваат од Законот за поштенските услуги.

Во прилог ги презентираме следните извештаи:

- Финансиски извештај за 2019 година;
- Извештај за извршување на финансискиот план за 2019 година;
- Споредбени показатели на реализирани приходи и расходи за 2019 и 2018 година;
- Образложение за Финансискиот извештај за 2019 година, Извештајот за извршување на финансискиот план за 2019 година и Споредбените показатели на реализирани приходи и расходи за 2019 и 2018 година;
- Биланс на состојба за период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година;
- Биланс на приходите и расходите за период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година;
- Белешка за распоредување на резултатот за период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година;
- Даночен биланс за непрофитни организации за период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година;
- Посебни податоци за државна евиденција за непрофитните организации (Образец ДЕ);
- Структура на приходите по дејности (СПД - Рекапитулар);
- Финансиски извештаи за годината која завршува на 31.12.2019 со Извештај на независниот ревизор.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2019 година

### 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ (денари) 2019 |
|---|---|---|
| 72 | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **2,307,335.00** |
| **720** | **Приходи од камати** | **2,307,185.00** |
| 72000 | Приходи од камати-жиро сметка | 0.00 |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 2,307,185.00 |
| **721** | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **150.00** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 150.00 |
| 75 | **Сопствени приходи** | **22,192,746.00** |
| **750** | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **22,192,746.00** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 22,192,746.00 |
| 76 | **Други приходи** | **66,263.00** |
| **760** | **Други приходи** | **66,263.00** |
| 7600 | Други приходи | 66,263.00 |
| 77 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **2,695,324.00** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **2,695,324.00** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 2,695,324.00 |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 27,261,668.00 |

### 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ (денари) 2019 |
|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 1,305,517.00 |
| **400** | **Потрошени материјали** | **270,710.00** |
| 40000 | Потрошено гориво | 12,342.00 |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 123,278.00 |
| 40003 | Други административни материјали | 15,668.00 |
| 40004 | Други потрошени материјали | 2,625.00 |
| 40010 | Потрошена вода | 26,574.00 |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 14,836.00 |
| 40012 | Весници и списанија | 0.00 |
| 40013 | Стручна литература | 30,875.00 |
| 40021 | Ситен инвентар | 44,512.00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **451,204.00** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 314,508.00 |
| 40102 | Електрична енергија | 136,696.00 |
| **403** | **Други услуги** | **324,895.00** |

| | | |
|---|---|---|
| 40301 | Пошта | 24,684.00 |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 2,624.00 |
| 40305 | Телефон и телефакс | 33,496.00 |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 5,522.00 |
| 40307 | Службен весник | 15,500.00 |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 40,500.00 |
| 40313 | Други услуги (чистење, изнајмување и сл.) | 169,203.00 |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема и софтвер | 2,400.00 |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 1,000.00 |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 3,416.00 |
| 40316 | Услуги за изработка на веб страна | 26,550.00 |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **13,268.00** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 13,268.00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **163,663.00** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 163,663.00 |
| 40502 | Расходи за реклама, пропаганда | 0.00 |
| **408** | **Наемнини** | **81,777.00** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 60,000.00 |
| 40802 | Наемнини за рекламен простор | 21,777.00 |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 6,456,605.00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **47,706.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 37,106.00 |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 10,600.00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **47,662.00** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1,261,618.00** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **705,303.00** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **4,509.00** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **4,225,343.00** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 7,904.00 |
| 41790 | Други услуги (превод, фотограф, монтажа и сл.) | 15,340.00 |
| 41791 | Други услуги - превод | 0.00 |
| 41709 | Други услуги - систематски преглед | 25,200.00 |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 2,462,786.00 |
| 41712 | Надомест по договор | 207,650.00 |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 116,256.00 |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 177,000.00 |
| 41722 | Консултантски услуги | 8,780.00 |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 0.00 |
| 41733 | Мерење на квалитет на поштенски услуги | 0.00 |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 152,560.00 |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 1,051,867.00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **164,464.00** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди и сл.) | 164,359.00 |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 74.00 |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 31.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 35,940.00 |
| **440** | **Средства за градежни објекти-уредување и адаптација** | **0.00** |
| **441** | **Средства за опрема** | **35,940.00** |
| 4410 | Средства за мебел | 0.00 |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 35,940.00 |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 0.00 |
| 4410 | Средства за останата опрема | 0.00 |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 15,662,771.00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **15,662,771.00** |
| 4600 | Основни плати | 10,359,559.00 |
| 4600 | Придонеси од плати | 5,303,212.00 |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 397,449.00 |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **397,449.00** |
| 47001 | Персонален данок - Надомест за Комисија - тековна година | 273,643.00 |
| 47003 | Персонален данок - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 12,908.00 |
| 47004 | Персонален данок - Договор | 23,074.00 |
| 47006 | Персонален данок - Други исплати | 87,824.00 |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 23,858,282.00 |
| | **останати расположливи средства** | **3,403,386.00** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2019 година

1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ (денари) 2019 | Реализиран износ (денари) 2019 | Споредбен показател на реализиран со планиран износ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=4/3*100 |
| 72 | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **2,400,000.00** | **2,307,335.00** | **96.14%** |
| 720 | **Приходи од камати** | **2,395,000.00** | **2,307,185.00** | **96.33%** |
| 72000 | Приходи од камати-жиро сметка | 5,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 2,390,000.00 | 2,307,185.00 | 96.53% |
| 721 | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **5,000.00** | **150.00** | **3.00%** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 | 150.00 | 3.00% |
| 75 | **Сопствени приходи** | **23,200,000.00** | **22,192,746.00** | **95.66%** |
| 750 | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **23,200,000.00** | **22,192,746.00** | **95.66%** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 23,200,000.00 | 22,192,746.00 | 95.66% |
| 76 | **Други приходи** | **100,000.00** | **66,263.00** | **66.26%** |
| 760 | **Други приходи** | **100,000.00** | **66,263.00** | **66.26%** |
| 7600 | Други приходи | 100,000.00 | 66,263.00 | 66.26% |
| 77 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **3,800,000.00** | **2,695,324.00** | **70.93%** |
| 770 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **3,800,000.00** | **2,695,324.00** | **70.93%** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 3,800,000.00 | 2,695,324.00 | 70.93% |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 29,500,000.00 | 27,261,668.00 | 92.41% |

2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ (денари) 2019 | Реализиран износ (денари) 2019 | Споредбен показател на реализиран со планиран износ |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 2,644,000.00 | 1,305,517.00 | 49.38% |
| **400** | **Потрошени материјали** | **650,000.00** | **270,710.00** | **41.65%** |
| 40000 | Потрошено гориво | 200,000.00 | 12,342.00 | 6.17% |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 200,000.00 | 123,278.00 | 61.64% |
| 40003 | Други административни материјали | 30,000.00 | 15,668.00 | 52.23% |
| 40004 | Други потрошени материјали | 50,000.00 | 2,625.00 | 5.25% |
| 40010 | Потрошена вода | 40,000.00 | 26,574.00 | 66.44% |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 20,000.00 | 14,836.00 | 74.18% |
| 40012 | Весници и списанија | 10,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 40013 | Стручна литература | 50,000.00 | 30,875.00 | 61.75% |
| 40021 | Ситен инвентар | 50,000.00 | 44,512.00 | 89.02% |
| **401** | **Потрошена енергија** | **480,000.00** | **451,204.00** | **94.00%** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 320,000.00 | 314,508.00 | 98.28% |
| 40102 | Електрична енергија | 160,000.00 | 136,696.00 | 85.44% |
| **403** | **Други услуги** | **988,000.00** | **324,895.00** | **32.88%** |
| 40301 | Пошта | 70,000.00 | 24,684.00 | 35.26% |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 15,000.00 | 2,624.00 | 17.49% |
| 40305 | Телефон и телефакс | 70,000.00 | 33,496.00 | 47.85% |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 286,000.00 | 5,522.00 | 1.93% |
| 40307 | Службен весник | 30,000.00 | 15,500.00 | 51.67% |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 41,000.00 | 40,500.00 | 98.78% |
| 40313 | Други услуги (чистење, изнајмување и сл.) | 229,000.00 | 169,203.00 | 73.89% |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема и софтвер | 35,000.00 | 2,400.00 | 6.86% |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 36,000.00 | 1,000.00 | 2.78% |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 36,000.00 | 3,416.00 | 9.49% |
| 40316 | Услуги за изработка на веб страна | 140,000.00 | 26,550.00 | 18.96% |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **35,000.00** | **13,268.00** | **37.91%** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 35,000.00 | 13,268.00 | 37.91% |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **398,000.00** | **163,663.00** | **41.12%** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 362,000.00 | 163,663.00 | 45.21% |
| 40502 | Расходи за реклама, пропаганда | 36,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| **408** | **Наемнини** | **93,000.00** | **81,777.00** | **87.93%** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 70,000.00 | 60,000.00 | 85.71% |
| 40802 | Наемнини за рекламен простор | 23,000.00 | 21,777.00 | 94.68% |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 9,315,000.00 | 6,456,605.00 | 69.31% |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **59,000.00** | **47,706.00** | **80.86%** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 48,000.00 | 37,106.00 | 77.30% |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 11,000.00 | 10,600.00 | 96.36% |
| **412** | **Премии за осигурување** | **60,000.00** | **47,662.00** | **79.44%** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1,300,000.00** | **1,261,618.00** | **97.05%** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **880,000.00** | **705,303.00** | **80.15%** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **5,000.00** | **4,509.00** | **90.18%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **6,641,000.00** | **4,225,343.00** | **63.63%** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 30,000.00 | 7,904.00 | 26.35% |
| 41790 | Други услуги (превод, фотограф, монтажа и сл.) | 150,000.00 | 15,340.00 | 10.23% |
| 41791 | Други услуги - превод | 362,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 41709 | Други услуги - систематски преглед | 35,000.00 | 25,200.00 | 72.00% |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 2,520,000.00 | 2,462,786.00 | 97.73% |
| 41712 | Надомест по договор | 220,000.00 | 207,650.00 | 94.39% |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 144,000.00 | 116,256.00 | 80.73% |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 180,000.00 | 177,000.00 | 98.33% |
| 41722 | Консултантски услуги | 288,000.00 | 8,780.00 | 3.05% |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 362,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 41733 | Мерење на квалитет на поштенски услуги | 855,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 330,000.00 | 152,560.00 | 46.23% |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 1,165,000.00 | 1,051,867.00 | 90.29% |
| **418** | **Останати други расходи** | **370,000.00** | **164,464.00** | **44.45%** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди и сл.) | 361,000.00 | 164,359.00 | 45.53% |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 6,000.00 | 74.00 | 1.23% |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 3,000.00 | 31.00 | 1.03% |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | **939,000.00** | **35,940.00** | **3.83%** |
| **440** | **Средства за градежни објекти-уредување и адаптација** | **220,000.00** | **0.00** | **0.00%** |
| **441** | **Средства за опрема** | **719,000.00** | **35,940.00** | **5.00%** |
| 4410 | Средства за мебел | 184,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 325,000.00 | 35,940.00 | 11.06% |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 138,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4410 | Средства за останата опрема | 72,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | **16,127,000.00** | **15,662,771.00** | **97.12%** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **16,127,000.00** | **15,662,771.00** | **97.12%** |
| 4600 | Основни плати | 10,720,000.00 | 10,359,559.00 | 96.64% |
| 4600 | Придонеси од плати | 5,407,000.00 | 5,303,212.00 | 98.08% |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | **475,000.00** | **397,449.00** | **83.67%** |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **475,000.00** | **397,449.00** | **83.67%** |
| 47001 | Персонален данок - Надомест за Комисија - тековна година | 280,000.00 | 273,643.00 | 97.73% |
| 47003 | Персонален данок - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 16,000.00 | 12,908.00 | 80.68% |
| 47004 | Персонален данок - Договор | 25,000.00 | 23,074.00 | 92.30% |
| 47006 | Персонален данок - други исплати | 154,000.00 | 87,824.00 | 57.03% |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | **29,500,000.00** | **23,858,282.00** | **80.88%** |
| | **останати расположливи средства** | **0.00** | **3,403,386.00** | |

## Споредбени показатели на реализирани приходи и расходи за 2019 и 2018 година
## Агенција за пошти Скопје

1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ 2019 | Реализиран износ 2018 | споредбен показател на реализиран износ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 72 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 2,307,335.00 | 4,256.00 | 54213.70% |
| 720 | Приходи од камати | 2,307,185.00 | 4,251.00 | 54273.94% |
| 721 | Приходи од позитивни курсни разлики | 150.00 | 5.00 | 3000.00% |
| 75 | Сопствени приходи | 22,192,746.00 | 23,565,953.00 | 94.17% |
| 750 | Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги | 22,192,746.00 | 23,565,953.00 | 94.17% |
| 76 | Други приходи | 66,263.00 | 2,056.00 | 3222.91% |
| 760 | Други приходи | 66,263.00 | 2,056.00 | 3222.91% |
| 77 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 2,695,324.00 | 1,630,183.00 | 165.34% |
| 770 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 2,695,324.00 | 1,630,183.00 | 165.34% |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 27,261,668.00 | 25,202,448.00 | 108.17% |

2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ 2019 | Реализиран износ 2018 | споредбен показател на реализиран износ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 1,305,517.00 | 1,157,160.00 | 112.82% |
| 400 | Потрошени материјали | 270,710.00 | 236,169.00 | 114.63% |
| 401 | Потрошена енергија | 451,204.00 | 354,645.00 | 127.23% |
| 403 | Други услуги | 324,895.00 | 282,727.00 | 114.91% |
| 404 | Превозни - транспортни услуги | 13,268.00 | 10,000.00 | 132.68% |
| 405 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 163,663.00 | 246,844.00 | 66.30% |
| 408 | Наемнини | 81,777.00 | 26,775.00 | 305.42% |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 6,456,605.00 | 6,186,327.00 | 104.37% |
| 410 | Провизија за платен промет | 47,706.00 | 44,572.00 | 107.03% |
| 412 | Премии за осигурување | 47,662.00 | 30,673.00 | 155.39% |
| 413 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 1,261,618.00 | 1,055,801.00 | 119.49% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 414 | Надоместоци на трошоци на работници | 705,303.00 | 732,182.00 | 96.33% |
| 415 | Негативни курсни разлики | 4,509.00 | 3,744.00 | 120.43% |
| 417 | Интелектуални и други услуги | 4,225,343.00 | 4,204,832.00 | 100.49% |
| 418 | Останати други расходи | 164,464.00 | 114,523.00 | 143.61% |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 35,940.00 | 317,613.00 | 11.32% |
| 440 | Средства за градежни објекти-уредување и адаптација | 0.00 | 0.00 | 0.00% |
| 441 | Средства за опрема | 35,940.00 | 317,613.00 | 11.32% |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 15,662,771.00 | 13,909,068.00 | 112.61% |
| 460 | Вкалкулирани плати | 15,662,771.00 | 13,909,068.00 | 112.61% |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 397,449.00 | 357,164.00 | 111.28% |
| 470 | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 397,449.00 | 357,164.00 | 111.28% |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 23,858,282.00 | 21,927,332.00 | 108.81% |

| | | |
|---|---|---|
| останати расположливи средства | 3,403,386.00 | 3,275,116.00 |

Во врска со Финансискиот Извештај за 2019 година, Извештајот за извршување на Финансискиот план за 2019 година и Споредбените показатели на реализираните приходи и расходи за 2019 и 2018 година на Агенцијата за пошти, Ви го презентираме следното ОБРАЗЛОЖЕНИЕ за приходните и расходните ставки одделно:

## 1. РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ

Агенцијата за пошти во 2019 година реализираше приходи во вкупен износ од 27.261.668 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 92,41% и поголема реализација во однос на 2018 година за 8,17%. Одделно по ставки се реализирани следниве приходи:

- **Приходите од камати и позитивни курсни разлики (конто 720 и 721)** се реализирани во износ од 2.307.335 денари (96,14% од планираниот износ во Финансискиот план за 2019 година и за 2.303.079 денари повеќе од реализираниот износ во 2018 година). Оваа ставка опфаќа приходи од камата од средствата на банкарската сметка на Агенцијата, приходи од камати за задоцнето плаќање на давателите на поштенските услуги и приходи од позитивни курсни разлики при девизното работење на Агенцијата. Значително поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018 година е резултат на фактот што во 2019 година се наплатени побарувањата за камати за задоцнето плаќање од давателот на универзалната услуга од претходните години (2015-2018 година).
- **Контото 750 – Сопствени приходи – приходи од годишен надомест од давателите на поштенски услуги** е реализирано во износ од 22.192.746 денари, што претставува реализација на планираниот износ во Финансискиот план за 2019 година од 95,66% и помала реализација во однос на 2018 година за 5,83%. Оваа приходна ставка вклучува Приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги за тековната година во износ од 22.073.414 денари и Приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги за претходните години во износ од 119.332 денари. Помалата реализација во однос на 2018 година е резултат на фактот што давателите на поштенските услуги, пред се давателот на универзалната услуга, до крајот на 2019 година не ги исполнија во целост обврските за надоместоците за 2019 година.
- **Другите приходи - конто 760** се со реализација од 66.263 денари, (66,26% од планираниот износ во Финансискиот план за 2019 година и 64.207 повеќе од реализираниот износ во 2018 година). Оваа ставка опфаќа приходи од надоместок на патните трошоци за службени патувања на вработените во Агенцијата од страна на организаторот. Поголемата реализација на оваа приходна ставка во однос на 2018 година е резултат на фактот што во 2018 година не се реализираше ниту едно службено патување на трошок на организаторот, односно единствено се реализираа приходи од вработените од агенцијата кои го пречекориле лимитот за користење на службен мобилен телефон и пречекорениот износ го уплатиле на сметка на

Агенцијата. Во 2019 и 2018 година, Агенцијата нема добиено никаква донација или финансиска поддршка за своето работење.

- **Контото 770 - Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** е реализирано во износ од 2.695.324 денари, што претставува реализација на планираниот износ во Финансискиот план за 2019 година од 70,93% и поголема реализација во однос на 2018 година за 65,34%. Средствата од оваа приходна ставка претставуваат нереализирани средства од 2018 година кои се пренесуваат како приход во 2019 година врз основа на член 23 од Законот. Овие средства се користат за основните финансиски потреби на Агенцијата во текот на првите месеци од годината, додека не се наплатат надоместоците од давателите на поштенските услуги.

## 2. РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ

Агенцијата за пошти во 2018 година реализираше расходи во вкупен износ од 23.858.282 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 80,88% и поголема реализација во однос на 2018 година за 8,81%. Одделно по ставки се реализирани следниве расходи:

- **Потрошени материјали (конто 400)** во износ од 270.710 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 41,65% и поголема реализација во однос на 2018 година за 14,63%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за гориво за службените возила на Агенцијата, канцелариски материјали, вода, комунални услуги, стручна литература за потребите на работењето, ситен инвентар и други потрошени и административни материјали. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018 година е резултат на поголемите трошоци за канцелариски материјал и за вода и комунални услуги за деловниот простор изнајмен за потребите на постојаниот советник од Шпанија ангажиран во Твининг проектот.
- **Потрошена енергија (конто 401)** во износ од 451.204 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 94% и поголема реализација во однос на 2018 година за 27,23%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за кондиционирање (греење-ладење) и трошоци за електрична енергија за деловните простории на Агенцијата за пошти кои се наоѓаат во Градскиот Трговски Центар во Скопје. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018 година е резултат на поголемите трошоци за кондиционирање и електрична енергија за деловниот простор изнајмен за потребите на постојаниот советник од Шпанија ангажиран во Твининг проектот.
- Расходи за **други услуги (конто 403)** реализирани во износ од 324.895 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 32,88% и поголема реализација во однос на 2018 година за 14,91%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за поштенски услуги, интернет, мобилна и фиксна телефонија за потребите на редовното работење, регистрација и надомест за паркинг простор на службените возила на Агенцијата,

трошоци за копирање, печатење и издавање на Годишниот извештај и останати публикации на Агенцијата за пошти, расходи за поправка и сервисирање на опремата на Агенцијата, расходи за годишна претплата на Службен весник и други услуги (изнајмување, чистење на деловните простории и сл.). Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018 година е резултат на поголемите трошоци за чистење на деловните простории и трошоците за изработка на нова веб страна за кои нема реализација во 2018 година.

- **Превозни – транспортни услуги (конто 404)** во износ од 13.268 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 37,91% и поголема реализација во однос на 2018 година за 3.268 денари или 32,68%. Оваа расходна ставка вклучува патни трошоци и трошоци за транспортни услуги за потребите на редовното работење на Агенцијата. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018 година е резултат на поголемите трошоци за превоз за потребите на службените патувања во странство. Имено, зголемениот број на службени патувања во странство предизвика и поголеми трошоци за превоз од и до Меѓународниот аеродром Скопје.
- **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација (конто 405)** во износ од 163.663 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 41,12% и помала реализација во однос на 2018 година за 33,7%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за угостителски услуги, трошоци за храна, пијалаци и средства за хигиена и трошоци за подароци. Сите овие се трошоци за претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор како и презентирање и информирање на јавноста за постоењето на Агенцијата и нејзините надлежности и работење, во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги. Во текот на 2019 година Агенцијата за пошти организираше јавна седница на која сите заинтересирани страни се информираа за реализираните активности и плановите за понатамошно делување на Агенцијата, при што беше промовирана и кампањата „Твојата пратка во безбедно сандаче“. Исто така во текот на 2019 година беа организирани голем број на средби и состаноци со заинтересираните страни од Твининг проектот за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“.
- **Расходи за наемнини (конто 408)** реализирани во износ од 81.777 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 87,93% и поголема реализација во однос на 2018 година за 205,42% или 55.002 денари. Оваа расходна ставка вклучува расходи за наемнини за рекламен простор и расходи за наемнини на деловен простор за потребите на постојаниот советник од Шпанија ангажиран во Твининг проектот. Овие деловни простории Агенцијата ги обезбеди на крајот на 2018 година, што е и причина за поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018 година.
- **Провизија за платен промет (конто 410)** во износ од 47.706 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 80,86% и поголема реализација во однос на 2018 година за 7,03%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за банкарски провизии за платен промет и купопродажба на девизи за службени патувања во странство.

Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018 година е резултат на поголемите трошоци за провизии за платен промет, согласно тарифата на деловните банки во кои Агенцијата има жиро сметка.

- **Премии за осигурување (конто 412)** во износ од 47.662 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 79,44% и поголема реализација во однос на 2018 година за 55,39% или 16.989 денари. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за осигурување на деловните простории, опремата, службените возила и трошоци за колективно осигурување од незгода на вработените во Агенцијата за пошти. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018 година е резултат на фактот што Агенцијата во 2019 година започна со колективно осигурување од незгода на вработените во Агенцијата за пошти.
- Расходите за **дневници за службени патувања и патни трошоци (конто 413)** се реализирани во износ од 1.261.618 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 97.05% и поголема реализација во однос на 2018 година за 19.49%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за авио билети, сместување, дневници и други споредни расходи поврзани со службените патувања на вработените во Агенцијата. Имено, вработените во Агенцијата активно учествуваат на состаноците и работните групи организирани од Европскиот Комитет за поштенска регулација CERP, во работните активности на Европската група на поштенски регулатори (ERGP) и во работата на Административниот совет и стратешките конференции во рамките на Светскиот поштенски Сојуз (UPU) како и на други предвидени состаноци во земјата и странство. Исто така, на оваа расходна ставка се вклучени и трошоците направени за службени патувања во земјата (обуки, надзор кај даватели на поштенски услуги и сл.).

Реализираните службени патувања во странство во 2019 година се презентирани во точка 6.2 Меѓународна соработка на Агенција за пошти од овој извештај.

Во 2019 година се реализирани и 2 службени патувања во земјата и тоа:

- службено патување во Прилеп, со цел увид кај давател на поштенски услуги, на кое беа Раководителот на директоратот за регулатива, лиценцирање и правни работи, Раководителот на директоратот за заштита на правата на корисници и односи со јавноста и Раководителот на директоратот за финансии, сметководство и економски прашања од поштенската област,
- службено патување во Охрид на “81-та средба на правниците” на кое како претставници на Агенцијата беа Раководителот на директоратот за регулатива, лиценцирање и правни работи и Стручниот советник за лиценцирање.

Поголемата реализација на оваа расходна ставка во споредба со 2018 година е поради фактот што Агенцијата за пошти во 2019 година ја зајакна меѓународната соработка и го зголеми своето учество во споменатите меѓународни органи и тела, со цел активно учество во градењето и имплементирањето на поштенската регулатива и стекнување на дополнителни знаења и искуства на своите вработени.

- **Надоместоци на трошоци на работници (конто 414)** во износ од 705.303 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 80,15% и помала реализација во однос на 2018 година за 3,67%. Оваа расходна ставка вклучува надоместоци на вработените предвидени во колективниот договор на Агенцијата за пошти (регрес за годишен одмор, јубилејна награда, помош за смрт, елементарни непогоди и сл.).
- **Негативни курсни разлики (конто 415)** во износ од 4.509 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 90,18% и поголема реализација во однос на 2018 година за 20,43% или 765 денари. Оваа ставка вклучува расходи кои се јавуваат при купопродажба на девизи за службените патувања во странство и при плаќање на фактури добиени од добавувачи од странство. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018 година е резултат на зголемената активност на Агенцијата на меѓународен план, односно на поголемиот број на службени патувања во странство.
- Расходи за **интелектуални и други услуги (конто 417)** реализирани во износ 4.225.343 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 63,63% и поголема реализација во однос на 2018 година за 0,49% или 20.511 денари. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата во согласност со Одлуката за определување на месечниот надоместок и надоместокот на другите трошоци на членовите на Комисијата, ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата од страна на надворешен и независен ревизор, расходи за консултантски услуги, надомест по договор за дело за потребите на редовното работење на Агенцијата, расходи за мерење на квалитетот на поштенските услуги, расходи за обуки за стручно усовршување согласно Законот за административни службеници, расходи за привремени вработувања ангажирани преку Агенција за привремени вработувања и други услуги (хост за интернет страна, превод, фотографирање, монтажа). Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018 година, во најголем дел е резултат на зголемувањето на трошоците за надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата, кои се во директна корелација со просечната исплатена нето плата на ниво на државата. Оттука, со порастот на просечната исплатена нето плата во 2019 година, зголемени се и надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти. Поголемата реализација во однос на 2018 година се должи и на поголемата реализација на расходните ставки за надомест по договор за дело, за обуки и здравствени прегледи на вработените, за услуги за привремени вработувања и за ревизија на финансиските извештаи.
- **Останатите други расходи (конто 418)** се реализирани во износ од 164.464 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 44,45% и поголема реализација во однос на 2018 година за 43,61% или 49.941 денари. Оваа расходна ставка вклучува расходи за објавување на огласи, набавка на стандарди, адвокатски услуги, трошоци за присилна наплата на побарувања, камати за придонеси и даноци од плати и камати за задоцнето плаќање. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2018

година е резултат на поголемите трошоци за објавување на огласи, адвокатски услуги како и расходи за институтот за стандардизација.

Примено: 13.03.2020
Орг. Един. 03 | Број: 69/10 | Прилог: | Вредност:

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Даме Груев бр.5/1 Скопје,
тел/фах: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ-ПАВЛЕСКА ДОО
Бр. 03-22/1
12.03 2020 год
СКОПЈЕ

## Извештај на независниот ревизор

**До Комисијата на Агенцијата за пошти Скопје**

Ние, Друштвото за ревизија Којзаклиев – Павлеска ДОО Скопје, извршивме ревизија на приложените фининансиски извештаи на Агенцијата за пошти Скопје, (во понатамошен текст Агенцијата), кои што ги вкучуваат Билансот на состојба заклучно со 31 декември 2019 година, Билансот на приходи и расходи за периодот 01 јануари 2019 до 31 декември 2019 како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

***Одговорност на раководството за финанските извештаи***

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации и интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одгвоворност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди применети во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјални погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резулатат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективно презентирање на финансиските извештаи на Агенцијата, за да обликува ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на инетрната контрола на Агенцијата. Ревизијата исто така вклучува и оценка на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

(продолжува)

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Даме Груев бр.5/1 Скопје,
тел/фах: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

**До Комисијата на Агенцијата за пошти Скопје (продолжение)**

***Мислење***

Според наше мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Агенцијата пошти Скопје заклучно со 31 декември 2019 година, како и на нејзината финансиска успешност за годината која што звршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации.

Скопје, 12 март 2020 година

Овластен ревизор
Силвана Марковска

Друштво за ревизија
Којзаклиев – Павлеска ДОО
Управител, Јорданчо Којзаклиев

ii

**Финансиски извештаи 31 декември 2019**

## Биланс на приходи и расходи

За годината што завршува на 31 декември 2019

| | Белешка | 2019 во 000 денари | 2018 во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од надоместок за надзор | 4 | 22,193 | 23,566 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 5 | 2,307 | 4 |
| Приходи од други извори | 6 | 66 | 2 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходна година | | 2,695 | 1,630 |
| | | **27,261** | **25,202** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 7 | (1,306) | (1,157) |
| Други расходи | 8 | (6,456) | (6,186) |
| Капитални расходи | 9 | (36) | (318) |
| Плати и надомест на плати | 10 | (15,663) | (13,909) |
| Даноци и придонеси независни од резултатот | 11 | (397) | (357) |
| | | **(23,858)** | **(21,927)** |
| **Вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **3,403** | **3,275** |
| Данок од добивка | 12 | (212) | (580) |
| **Вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **3,191** | **2,695** |

***Белешките содржани на страниците од 3 до 17 се составен дел од***

***овие финансиски извештаи***

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Агенцијата на ден 20 февруари 2020 година и се потпишани во негово име од страна на:

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии, сметководство

Билјана Аврамоска - Ѓореска
Директор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

**Финансиски извештаи 31 декември 2019**

**Биланс на состојба**
со состојба на 31 декември 2019

| | Белешка | 2019 во 000 денари | 2018 во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| ***Нетековни средства*** | | | |
| Нематеријални средства | 13 | 20 | 25 |
| Материјални средства | 14 | 311 | 454 |
| | | **331** | **479** |
| ***Тековни средства*** | | | |
| Парични средства | 15 | 898 | 75 |
| Побарувања | 16 | 4,379 | 5,359 |
| АВР | 17 | - | 64 |
| Залихи | | - | - |
| | | **5,277** | **5,498** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **5,608** | **5,977** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| ***Капитал*** | 18 | | |
| Деловен фонд | | 326 | 468 |
| Ревалоризациони резерви | | 5 | 11 |
| | | **331** | **479** |
| ***Обврски*** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 19 | 92 | 496 |
| Обврски спрема државата | 20 | 260 | 199 |
| Други краткорочни обврски | 21 | - | 1 |
| ПВР | 22 | 1,733 | 2,107 |
| | | **2,085** | **2,803** |
| Пренесен дел од вишок на приходи во наредна година | | 3,192 | 2,695 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **5,608** | **5,977** |

***Белешките содржани на страниците од 3 до 17 се составен дел од***

***овие финансиски извештаи***

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за
финансии и сметководство

Билјана Аврамоска - Гореска
Директор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

2

**Белешки кон финансиските извештаи**

**1 . Основни податоци за Агенцијата**

Агенцијата за пошти Скопје (во понатамошниот текст Агенцијата) претставува независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за поштенските услуги.

Агенцијата работи согласно *Законот за поштенските услуги* (Службен Весник на Република Македонија број 9/2008, 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и 275/2019), а започна со работа на 15 јули 2008 година.

Агенцијата е запишана во Централниот Регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот 6381049 и со дејност согласно Решението од Централен Регистар со шифра 84.13 – Уредување и давање помош за поуспешно работење.

Седиштето на Агенцијата е во Скопје на улица Кеј 13-ти Ноември Градски трговски центар, втори кат,секција 6, локал 116.

Агенцијата има статус на правно лице со јавни овластувања кои се утврдени со Законот за поштенските услуги, подзаконски акти, Статутот на Агенцијата и други општи акти.

Органи на Агенцијата се Комисија и Директор. Комисијата е составена од Претседател и четири члена кои се именувани со Одлука за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за пошти од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Со Агенцијата управува и раководи директорот г-ѓа Билјана Аврамоска - Ѓореска.

Основни цели и надлежности на Агенцијата се регулирани со Законот на поштенските услуги и Статутот на Агенцијата за пошти. Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

**2. Основа за подготовка на финансиските извештаи**

Агенцијата финансиските извештаи ги подготвува во согласност со применливите законските прописи, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, и тоа:

1. Законот за сметководство на непрофитни организации (Службен Весник на Република Македонија број 24/2003, 80/2005, 17/2011 и 154/2015),
2. Правилникот за сметководство на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 42/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011),
3. Правилник за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 117/2005 и 11/2006),
4. Правилник за содржината и формата на одделните сметки во Сметковниот план на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 117/2005).

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методот на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**2. Основа за подготовка на финансиските извештаи (продолжение)**

Во изготвувањето на финансиските извештаи Агенцијата ги применува сметководствените политики кои се обелоденети во белешка 3. Сметководствените политики конзистентно се применувани во текот на деловната година, како и во претходната година.

Денарот претставува официјална валута на известување. Износите содржани во финансиските извештаи на Агенцијата, како и во објаснувачките белешки кон финансиските извештаи се прикажани во македонски денари.

Финансиските извештаи на Агенцијата се изготвени на единечна основа, обезбедувајќи информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите, добивките и загубите презентирани во:

- Билансот на состојбата на ден 31.12.2019 година,

- Билансот на приходите и расходите во периодот од 01 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година,

- Преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Главни квалитативни карактеристики на информациите во финансиските извештаи се:

- разбирливост – да бидат лесно разбирливи за корисниците;
- релевантност – да можат да влијаат врз економските одлуки на корисниците;
- веродостојност – верно да ги претставуваат трансакциите и
- споредливост на податоците од годишната сметка на Агенцијата од различни пресметковни периоди како и споредливост со финансиските извештаи на други правни субјекти.

**3. Сметководствени политики**

Сметководствените политики се специфични принципи, основи, правила и практики усвоени од страна на Агенцијата при подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи.

Сметководствените политики претставуваат основа при вреднувањето, мерењето, презентирањето и објавувањето на ставките во финансиските извештаи на Агенцијата кои се применувани конзистентно во текот на деловната година, како и во претходната година.

Деловните промени се евидентираат во деловните книги согласно домашната законска регулатива. Сметководствената евиденција се води во рамките на Агенцијата.

**3.1. Признавање на приходи и расходи**

Признавањето на приходите и расходите се врши со примена на методот на готовинска основа.

Според методот на готовинска основа приходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.1. Признавање на приходи и расходи (продолжение)**

истекот на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Според методот на готовинска основа, расходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале доколку се платени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на периодот под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период. Расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно.

**3.2. Класификација на средствата и обврските**

Средствата и обврските кои се очекува да бидат ефектуирани или подмирени за 12 месеци по датумот на билансот на состојба, се класифицираат како тековни. Средствата и обврските кои се очекува да бидат ефектуирани или подмирени во период подолг од 12 месеци по датумот на билансот на состојба се класифицираат како нетековни.

**3.2.1. Нематеријални и материјални седства**

Во нематеријални и материјални средства се класифицираат средствата што:

- се држат за остварување на дејноста и
- се очекува да се користат повеќе од еден финансиски период

Во нематеријални средства се вклучуваат непаричните средства кои може да се идентификуваат и немаат физичка содржина.

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност претставува фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до ставањето на средството во употреба. Капиталните подобрувања, обновувања и поправки кои го продолжуваат животниот век на средството се капитализираат. На 31 декември средствата се прикажуваат по нивната сегашна вредност (набавната вредност намалена за акумулираната амортизација).

Материјалните и нематеријалните средства се амортизираат по праволиниска метода со примена на пропишаните стапки од Номенклатурата на средствата за амортизација, согласно Правилникот за сметководство на непрофитните организации. Пресметката на амортизацијата се врши поединечно, односно за секое средство поодделно во рамките на групите пропишани во Правилникот, се додека вредноста на нетековните средства не биде во целост амортизирана. Средствата се амортизираат од моментот кога се ставаат во употреба, односно од првиот ден од наредниот месец кога се набавени. Пресметанта амортизација се евидентира на товар на деловниот фонд.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.2.1. Нематеријални и материјални седства (продолжение)**

Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделни недвижности, опрема и нематеријалните средства се:

| | |
|---|---|
| Нематеријални средства | 20 % |
| Недвижности | 2,5 – 10 % |
| Опрема | 10 – 20 % |
| Транспортни средства | 15 % |

Материјалните и нематеријалните средства се ревалоризираат периодично со примена на официјални коефициенти за ревалоризација пресметани врз база на податоците за пораст на цените на индустриските производи. Ефектот на ревалоризацијата на материјалните и нематеријалните средства како и ефектот на ревалоризацијата на амортизацијата се книжи во корист на ревалоризациони резерви.

**3.2.2. Залихи**

Залихите се состојат од ситен инвентар во употреба, амбалажа и авто гуми. Залихите се евидентират според набавната вредност, која ги опфаќа сите трошоци за набавка и другите трошоци кои се направени за доведување на залихите во нивната сегашна состојба. Со нивното ставање во употреба се врши целосен отпис на нивната вредност.

**3.2.3. Пари и парични еквиваленти**

Парите и паричните еквиваленти се состојат од парични средства: во благајна, на трансакциски сметки и вредносни картички. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута по средниот курс на денот на билансирањето. Трансакциите изразени во странски валути се евидентираат според девизниот курс на денот на трансакцијата. Курсните разлики се искажуваат како приходи или расходи во Билансот на приходи и расходи.

**3.2.4. Побарувања**

Побарувањата се состојат од побарувања од купувачи, побарувања од државата, вработените, активни временски разграничувања и останати побарувања.

Побарувањата од купувачите се признаваат и евидентираат по издадено Решение за годишен надоместок пресметани согласно Законот и Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.2.5. Обврски**

Агенцијата ќе признае обврска во Билансот на состојба кога ќе прими средства или друга материјална корист.

При почетното признавање, обврските се мерат по нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци директно поврзани за нивното издавање. Објективната вредност е еднаква на средствата примени во замена за превземените обврски.

Обврските кон добавувачи, се признаваат врз основа на реализација на склучените договори или фактура. Мерењето на обврските се врши според нивната номинална/договорна вредност утврдена во договорот.

Сите краткорочни обврски, кои нема да бидат презентирани во некоја друга позиција во рамките на активата на Билансот на состојба се искажуваат во позицијата останати краткорочни обврски. Оваа позиција ги вклучува обврските кон вработените, обврски за примени аванси, обврски кон државата за даноци и придонеси, обврски за однапред наплатени приходи и останати обврски.

**3.2.6. Обврски за данок на добивка**

Данокот на добивка се пресметува и плаќа согласно применливата законската регулатива за непрофитни организации. Даночната основица се утврдува врз основа на вкупните приходи од вршење стопанска дејност, намалени за ослободување во износ од 1 милион денари, со примена на стапка од 1%.

**3.2.7. Настани по датумот на известување**

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на субјектот на денот на известување (настани за кои може да се врши корегирање) се содржани во финансиските извештаи.

Настаните по датумот на известување за кои не може да се врши корегирање во финансиските извештаи се прикажуваат во белешките во случај кога се материјално значајни.

**3.2.8. Неизвесности**

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Агенцијата. Неизвесните обврски не се признаваат во финансиските извештаи туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Агенцијата. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.2.9. Користени проценки**

Подготвувањето на финансиските извештаи, бара примена на одредени сметководствени проценки како и расудувања од раководството во процесот на примена на сметководствените политики. Најзначајна употреба на расудување и проценки, се однесуваат на објективната вредност на побарувањата и обврските, застареност на залихите, употребниот век на недвижностите, опремата и нематеријалните средства, врз основа на информациите достапни на датумот на обелоденувањето на финансиските извештаи. Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на деловниот фонд во периодот на промената.

**3.2.10. Промена на сметководствени политики и корекции на грешки**

Сметководствените политики се применуваат од период во период на конзистентна основа. Сметководствената политика се менува доколку тоа е условено со измена на законската регулатива.

По исклучок, промена на сметководствените политики може да се направи доброволно, ако се процени дека новата сметководствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во финансиските извештаи. За промените во сметководствените политики одлучува Комисијата.

При ретроспективна промена на сметководствена политика, ентитетот ја применува новата сметководствена политика на компаративните информации за претходните периоди до најраниот датум кога тоа е изводливо, исто како новата сметководствена политика да била применета отсекогаш. Кога е непрактично да се одредат ефектите на поединечните периоди на промена во сметководствената политика на компаративните информации за еден или повеќе презентирани периоди, Агенцијата ја применува новата сметководствена политика на сметководствените вредности на средствата и обврските на почетокот на најраниот период за кој е изводлива ретроспективна примена, што пак може да биде тековниот период и ги прави соодветните корекции на почетното салдо на секоја засегната компонента на деловниот фонд за тој период.

Агенцијата ретроспективно ја исправа материјалната грешка од претходен период во првиот финансиски период одбран за објавување, откако истата била откриена, така што:

- повторно ги прикажува компаративните износи за претходниот презентиран период(и) кога грешката се појавила или
- доколку грешката се појавила пред да биде презентиран најраниот претходен период, повторно ги прикажува почетните салда на средствата, обврските и главнината за најраниот презентиран период.

Кога е непрактично да се одредат ефектите на грешката за специфичен период врз компаративните информации за еден или повеќе претходно презентирани периоди, повторно се прикажуваат почетните салда за средствата, обврските и деловниот фонд за најраниоит период за кој е изводливо ретроспективно повторно прикажување (што може да биде и тековниот период).

**Белешки кон финансиските извештаи**

**4. Приходи од надоместок за надзор**

| | во 000 денари 2019 | во 000 денари 2018 |
|---|---|---|
| Приходи од годишен надоместок за тековна година | 22,074 | 23,465 |
| Приходи од годишен надоместок за претходни години | 39 | 101 |
| Приходи од годишен надоместок за претходни години – прислна наплата преку извршител | 80 | - |
| **ВКУПНО** | **22,193** | **23,566** |

Приходите од надоместок за надзор се пресметани по основ на Законот за поштенските услуги и Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

**5. Приходи од камати и позитивни курсни разлики**

| | во 000 денари 2019 | во 000 денари 2018 |
|---|---|---|
| Приходи од позитивни курсни разлики | - | - |
| Приходи од казнени камати од давателите | 2,307 | 4 |
| **ВКУПНО** | **2,307** | **4** |

Приходите од казнени камати од давателите на поштенски услуги се пресметани согласно Законот за облигационите односи и врз основа на доставени Каматни листи за казнена камата за ненавремено плаќање на годишниот надоместок од страна на давателите на поштенските услуги.

**6. Приходи од други извори**

| | во 000 денари 2019 | во 000 денари 2018 |
|---|---|---|
| Други приходи | 66 | 2 |
| **ВКУПНО** | **66** | **2** |

Другите приходи во 2019 година се приходи од надоместување на патни трошоци од страна на организаторите на службените патувања. Другите приходи во 2018 година се приходи од вработените кои го пречекориле дозволениот лимит на мобилниот телефон и пречекорениот износ го уплатиле на сметка на Агенцијата за пошти.

**7. Материјални расходи, услуги и амортизација**

| | во 000 денари 2019 | во 000 денари 2018 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 271 | 236 |
| Потрошена енергија | 451 | 354 |
| Други услуги | 325 | 283 |
| Транспортни услуги | 13 | 10 |
| Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 164 | 247 |
| Наемнини | 82 | 27 |
| **ВКУПНО** | **1,306** | **1,157** |

**Белешки кон финансиските извештаи**

**7. Материјални расходи, услуги и амортизација (продолжение)**

Ставката потрошени материјали за 2019 година се однесува на расходи направени за потрошен канцелариски материјал во износ од 123 илјади денари (2018 – 35 илјади денари), потрошено гориво во износ од 12 илјади денари (2018 – 51 илјади денари), вода и комунални услуги во износ од 42 илјади денари (2018 – 36 илјади денари), ситен инвентар во износ од 45 илјади денари (2018 – 46 илјади денари), стручна литература во износ од 31 илјади денари (2018 – 43 илјади денари) и други трошоци во износ од 18 илјади денари (2018 – 25 илјади денари).

Во ставката потрошена енергија за 2019 година се вклучени расходите за кондиционирање (греење и ладење) во износ од 314 илјади денари (2018 – 252 илјади денари) и потрошена електрична енергија во износ од 137 илјади денари (2018 – 102 илјади денари).

Ставката други услуги за 2019 година се однесува на расходи направени за поштенски услуги во износ од 25 илјади денари (2018 – 19 илјади денари), регистрација и паркинг на службени возила во износ од 43 илјади денари (2018 – 38 илјади денари), фиксна и мобилна телефонија во износ од 33 илјади денари (2018 – 71 илјади денари), печатење на материјали во износ од 6 илјади денари (2018 – 14 илјади денари), поправка и сервис на опрема во износ од 7 илјади денари (2018 – 17 илјади денари), службен весник во износ од 15 илјади денари (2018 – 16 илјади денари), изработка на веб страна во износ од 27 илјади денари (2018 – 0 денари) и други трошоци во износ од 169 илјади денари (2018 – 108 илјади денари).

**8. Други расходи**

| | во 000 денари | во 000 денари |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Провизија на платен промет | 48 | 44 |
| Премии за осигурување | 48 | 31 |
| Дневници за службено патување и патни трошоци | 1,261 | 1,056 |
| Надоместоци на трошоци на работници и граѓани | 705 | 732 |
| Негативни курсни разлики | 4 | 4 |
| Други расходи | 4,390 | 4,319 |
| **ВКУПНО** | **6,456** | **6,186** |

Трошоците за службено патување во 2019 година се однесуваат на расходи за сместување во странство во износ од 534 илјади денари (2018 – 453 илјади денари), дневници за службено патување во странство во износ од 243 илјади денари (2018 – 184 илјади денари), котизација за учество во износ од 19 илјади денари (2018 – 19 илјади денари), расходи за сместување во земјата во износ од 7 илјади денари (2018 – 11 илјади денари), дневници за службено патување во земјата во износ од 15 илјади денари (2018 – 12 илјади денари), споредни расходи поврзани со службените патувања во износ од 40 илјади денари (2018 – 40 илјади денари) и патни расходи во износ од 403 илјади денари (2018 – 337 илјади денари).

Ставката надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 2019 година се однесува на расходи за регрес за годишен одмор за вработените во Агенцијата и расходи за јубилејна награда за вработените во Агенцијата, согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**8. Други расходи (продолжение)**

Ставката други расходи за 2019 година се однесува на:
- исплата на надоместоците за членовите на Комисијата на Агенцијата во износ од 2,579 илјади денари (2018 – 2,366 илјади денари) пресметани согласно Одлуката за определување на месечниот надоместок и другите трошоци на членовите на Комисијата на Агенцијата, донесена од Комисијата,
- Мерење на квалитетот на обезбедување на поштенските услуги во износ од 0 денари (2018 – 1,156 илјади денари),
- Услуги за привремени вработувања во износ од 1,052 илјади денари (2018 – 362 илјади денари).
- Консултантски услуги во износ од 9 илјади денари (2018 – 8 илјади денари),
- Надомест по договор за дело во износ од 208 илјади денари (2018 – 4 илјади денари),
- Обуки за стручно усовршување во износ од 152 илјади денари (2018 – 67 илјади денари),
- Ревизија во износ од 177 илјади денари (2018 – 115 илјади денари)
- Адвокатски услуги во износ од 100 илјади денари (2018 – 0 денари)
- Трошоци за извршители во износ од 52 илјади денари (2018 - 100 илјади) и
- други расходи во износ од 61 илјада денари (2018 – 141 илјади денари).

**9. Капитални расходи**

| | во 000 денари<br>2019 | во 000 денари<br>2018 |
|---|---|---|
| Средства за опрема | 36 | 318 |
| **ВКУПНО** | **36** | **318** |

Во 2019 година набавена е компјутерска опрема во износ од 36 илјада денари, додека во 2018 година набавено е компјутерска опрема во износ од 267 илјада денари, систем за евиденција на работно време во износ од 26 илјади денари и компјутерски софтвер (Windows) во износ од 25 илјади денари.

**10. Плати и надомест на плати**

| | во 000 денари<br>2018 | во 000 денари<br>2018 |
|---|---|---|
| Вкалкулирани плати | 15,663 | 13,909 |
| **ВКУПНО** | **15,663** | **13,909** |

Платите и надоместоците на вработените се пресметани и исплатени во согласност со Законот за поштенските услуги, Правилникот за плати и други надоместоци, Колективниот договор на Агенцијата за пошти и Одлуката за висината на вредноста на бодот за пресметување на основната плата на вработените во Агенцијата за пошти.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**11. Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот**

| | во 000 денари 2019 | во 000 денари 2018 |
|---|---|---|
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 397 | 357 |
| **ВКУПНО** | **397** | **357** |

Трошоците за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот вклучуваат трошоци за персонален данок за надоместоците за членовите на Комисијата на Агенцијата во износ од 287 илјади денари (2018 – 263 илјади денари), персонален данок за надоместоците по договор за дело во износ од 23 илјади денари (2018 – 1 илјади денари), персонален данок за други исплати во износ од 9 илјади денари (2018 – 20 илјади денари), персонален данок за регрес за годишен одмор во износ од 66 илјади денари (2018 – 53 илјади денари) и персонален данок за јубилејна награда за вработените во Агенцијата во износ од 12 илјади денари (2018 – 20 илјади денари).

**12. Данок од добивка**

Трошоците за данок од добивка, согласно Законот за данок на добивка, се пресметувани со даночна стапка од 1% на утврдената основица.

Со измените во Законот за данок на добивка (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 248/2018 и 275/2019), правните лица кои се основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, не се обврзници на данок на добивка, односно доколку вкупниот годишен приход од стопанска дејност е поголем од 1 милион денари стануваат обврзници за пресметување и плаќање на данок на вкупен приход.

Данокот на вкупен приход, за 2019 година, во износ од 212 илјади денари е пресметан на основицата вкупни приходи од стопанска дејност (конто 750) на износот кој надминува 1 милион денари, со примена на стапка од 1%.

Данокот на добивка, за 2018 година, во износ од 580 илјади денари е пресметан на основица утврдена врз основа финансискиот резултат од Билансот на приходите и расходите зголемен за даночно непризнатите расходи со примена на стапка од 10%.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**13.Нематеријални средства**

| | во 000 денари<br>Компјутерски софтвер |
|---|---|
| **Набавна вредност** | |
| **Состојба на 01.01.2018** | **889** |
| Набавки | 25 |
| Расходувања | - |
| Ревалоризација на средства | - |
| **Состојба на 31.12.2018** | **914** |
| Набавки | - |
| Расходувања | - |
| Продажби | - |
| Ревалоризација на средства | 10 |
| **Состојба на 31.12.2019** | **924** |
| **Исправка на вредност** | |
| **Состојба на 01.01.2018** | **874** |
| Амортизација за 2018 | 15 |
| Ревалоризација на исправка | - |
| **Состојба на 31.12.2018** | **889** |
| Амортизација за 2019 | 5 |
| Ревалоризација на исправка | 10 |
| **Состојба на 31.12.2019** | **904** |
| **Сметководствена вредност** | |
| **Состојба на 31.12.2018** | **25** |
| **Состојба на 31.12.2019** | **20** |

**Белешки кон финансиските извештаи**

**14.Материјални средства**

**во 000 денари**

| | Градежни објекти | Опрема | Транспортни средства | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Состојба на 01.01.2018** | **-** | **2,551** | **986** | **-** | **3,537** |
| Набавки | - | 293 | - | - | **293** |
| Активирање на средства | - | - | - | - | **-** |
| Расходувања | - | (37) | - | - | **(37)** |
| Ревалоризација на средства | - | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31.12.2018** | **-** | **2,807** | **986** | **-** | **3,793** |
| Набавки | - | 36 | - | - | **36** |
| Активирање на средства | - | - | - | - | **-** |
| Расходувања | - | - | - | - | **-** |
| Ревалоризација на средства | - | 31 | 11 | - | **42** |
| **Состојба на 31.12.2019** | **-** | **2,874** | **997** | **-** | **3,871** |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| **Состојба на 01.01.2018** | **-** | **2,373** | **795** | **-** | **3,168** |
| Амортизација за 2018 | - | 99 | 72 | - | **171** |
| Расходувања | - | - | - | - | **-** |
| Ревалоризација на исправка | - | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31.12.2018** | **-** | **2,472** | **867** | **-** | **3,339** |
| Амортизација за 2019 | - | 111 | 72 | - | **183** |
| Расходувања | - | - | - | - | **-** |
| Ревалоризација на исправка | - | 28 | 10 | - | **38** |
| **Состојба на 31.12.2019** | **-** | **2,611** | **949** | **-** | **3,560** |
| **Сметководствена вредност** | | | | | |
| **Состојба на 31.12.2018** | **-** | **335** | **119** | **-** | **454** |
| **Состојба на 31.12.2019** | **-** | **263** | **48** | **-** | **311** |

**Белешки кон финансиските извештаи**

**15. Парични средства**

| | **во 000 денари** | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Денарска сметка | 839 | 75 |
| Девизна сметка | - | - |
| Благајна картичка Виза | 59 | - |
| Девизна благајна | - | - |
| **ВКУПНО** | **898** | **75** |

Агенцијата располага со две жиро сметки од кои една се води во НЛБ Банка АД Скопје, а другата во Халкбанк АД Скопје. Салдото на сметката која се води во НЛБ Банка АД Скопје на 31 декември 2019 година изнесува 771 илјади денари (2018 – 73 илјади денари), додека салдото на сметката која се води во Халкбанк АД Скопје на 31 декември 2019 година изнесува 68 илјади денари (2018 – 2 илјади денари). Во 2019 година Агенцијата има и Виза бизнис картичка во НЛБ Банка АД Скопје која не е поврзана со жиро сметката, туку функционира како дебитна картичка без дозволено пречекорување.

Компензацискиот фонд наменет за надоместување на нето трошоци за обезбедување на универзална поштенска услуга до 31 декември 2019 се уште не започнал да функционира.

**16. Побарувања**

| | **во 000 денари** | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| | **2019** | **2018** |
| Побарувања од купувачите – тековна година | 3,273 | 3,514 |
| Побарувања од купувачите со покрената постапка за присилна наплата – тековна година | 52 | - |
| Побарувања од купувачите од претходни години | - | 383 |
| Побарувања од купувачите со покрената постапка за присилна наплата од претходни години | 409 | - |
| Побарувања од купувачи за казнени камати | - | 1,432 |
| Побарувања од работниците | - | 30 |
| Побарувања за платен данок од добивка | 565 | - |
| Побарувања за аванси и депозити | 80 | - |
| **ВКУПНО** | **4,379** | **5,359** |

Побарувањата од купувачите се од давателите на поштенски услуги.

Побарувањата од работниците се за аванси за материјални трошоци.

Побарувањата за аванси и депозити вклучуваат побарувања за уплатени средства по профактура во износ од 10 илјади денари (2018 – 0 денари) и побарувања за уплатен депозит за закуп на деловен простор во Градски Трговски Центар во износ од 70 илјади денари (2018 – 0 денари).

**Белешки кон финансиските извештаи**

**17. Активни временски разграничувања**

| | во 000 денари 2019 | во 000 денари 2018 |
|---|---|---|
| АВР | - | 64 |
| **ВКУПНО** | **-** | **64** |

Активните временски разграничувања произлегуваат од неплатени обврски од 2018 година и претставуват одложени расходи кои ќе се признаат во моментот на нивната исплата во наредниот период.

**18. Вкупно деловен фонд и резерви**

Деловниот фонд и резервите на 31 декември 2019 година ја претставуваат сегашната вредност на нетековните средства кои изнесуваат 331 илјади денари (2018 – 479 илјади денари).

**19. Обврски кон добавувачи**

| | во 000 денари 2019 | во 000 денари 2018 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи во земјата | 92 | 496 |
| **ВКУПНО** | **92** | **496** |

**20. Обврски спрема државата**

| | во 000 денари 2019 | во 000 денари 2018 |
|---|---|---|
| Персонален данок | - | - |
| Данок од добивка | 260 | 199 |
| **ВКУПНО** | **260** | **199** |

**21. Други краткорочни обврски**

| | во 000 денари 2019 | во 000 денари 2018 |
|---|---|---|
| Финансиски обврски – банкарска провизија | - | 1 |
| **ВКУПНО** | **-** | **1** |

**22. Пасивни временски разграничувања**

| | во 000 денари 2019 | во 000 денари 2018 |
|---|---|---|
| ПВР | 1,733 | 2,107 |
| **ВКУПНО** | **1,733** | **2,107** |

Пасивните временски разграничувања произлегуваат од пресметани, а ненаплатени побарувања и претставуват одложени приходи кои ќе се признаат во моментот на нивната наплата во наредниот период.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**23. Неизвесни настани**

На 31.12.2019 година Агенцијата нема неизвесни побарувања и обврски кои значајно би го нарушиле континуитетот во работењето.

**24. Настани по датумот на известување**

По 31 декември 2019 година до денот на одобрување на овие извештаи нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во белешките кон финансиските извештаи.

**25. Финансиски план за 2019 година**

Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2019 година во приходниот дел е реализиран со 92,41% (2018 – 85,43%). Реализација на расходниот дел од финансискиот план изнесува 80,88% (2017 – 74,33%).

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии и сметководство

Билјана Аврамоска - Ѓореска
Директор